# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Осумдесет и втората седница на Собранието на
Република Македонија, одржана
на 18.11.2004 година

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на Република Македонија, со почеток во 10,00 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Љупчо Јордановски, претседател на Собранието.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дами и господа пратеници,

Ја отворам 82-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците, Славица Грковска, Елеонора Петрова - Митевска, Трифун Костоски, Јани Макрадули, Петар Наумовски, Орданчо Тасев, Али Ахмети, Талат Џафери, Јусуф Арифи, Абдулаќим Адеми, Мендух Тачи, Ружди Матоши и Теута Арифи ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Ги молам службите да ме информираат колку пратеници, вкупно се пристигнати и потпишани.

Очигледно дека 10 часот е многу рано, 51 пратеник вкупно е потпишан.

Затоа, давам пауза до 10,30 часот за да се собере кворумот.

(По паузата седницата продолжи во 10,30 часот)

Ги молам пратениците да притиснат едно од копчињата на системот за гласање за да го утврдиме бројот на присутни пратеници во салата.

Во салата според бројот на притиснати копчиња се присутни 73 пратеници.

Констатирам дека присуствуваат мнозинство пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата поканети се: Претседателот на Република Македонија, претседателот и членовите на Владата на Република Македонија, претседателот на РСС, Народниот правобранител, претседателите на основните судови во Велес, Прилеп,

Радовиш и Струмица, претседателот на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија.

Записниците од 70-тата, 71-та и 80-тата седница на Собранието Ви се доставени.

Дали некој има забелешки на записниците? (Нема).

Констатирам дека записниците од 70-тата, 71-та и 80-тата седница на Собранието се усвоени без забелешки.

Претседателот на Владата на Република Македонија г-дин Хари Костов, поднесе оставка.

Согласно член 223 став 2, од Деловникот на Собранието на Република Македонија претседателот на Владата може да ја образложи оставката. Известен сум дека претседателот на Владата нема усно да ја образложи оставката.

Согласно член 93 став 3 од Уставот на Република Македонија оставката на претседателот на Владата повлекува и оставка на Владата.

Констатирам дека согалсно жлен 224 од Деловникот на Собранието на Република Македонија на претседателот на Владата и на Владата им престанува мандатот.

Согласно член 93 став 4 од Уставот на Република Македонија платата останува на должност до изборот на нова Влада.

Ве известувам дека г-динот Ким Мехмети поднесе оставка на функцијата заменик на генерален директор на Јавното претпријатие Македонска радио телевизија.

Согласно член 111 од Деловникот на Собранието секој носител на јавна функција што го избира или именува Собранието може да ја образложи оставката во траење од 15 минути.

Заменикот на генералниот директор на Јавното претпријатие Македонска радио-телевизија ме извести дека нема усно да ја образложи поднесената оставка.

Констатирам дека на г-дин Ким Мехмети му престанува функцијата заменик на генералниот директор на Јавното претпријатие Македонска радио телевизија.

Ве известувам дека г-ѓа Татјана Трендафилова Поповска поднесе оставка на функцијата директор на Агенцијата за државни службеници.

Согласно член 111 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, секој носител на јавна функција што го избира или именува Собранието може да ја образложи оставката во траење од 15 минути.

Директорот на Агенцијата за државни службеници дека нема усно да ја образложи поднесената оставка.

Констатирам дека на г-ѓа Татјана Трендафилова Поповска и престанува функцијата директор на Агенцијата за државни службеници.

Пратеникот Каме Петров предлага дневниот ред на оваа седница да се дополни со Предлог одлука за огласување избор на претседатели на основните судовиво Гостивар, Делчево, Крива Паланка и Кочани.

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Го молам пратеникот Каме Петров да ја образложи итната и неодложна потреба Предлогот на одлуката да биде разгледан на оваа седница.

Има збор пратеникот Каме Петров.

КАМЕ ПЕТРОВ:

Почитуван претседателе, колешки и колеги пратеници,

На денешнава седница на Собранието на Република Македонија во редовна процедура предложени се повеќе точки на дневниот ред кои се однесуваат на огласување избор на судии, односно избор на носители на функции на судските органи.

Во тој контекст, предлагам денес да се разгледа Предлог одлуката за огласување избор на претседатели на основните судови во Гостивар, Делчево, Крива Паланка и Кочани.

Со оглед на фактот што и ова прашање се толкува во кадровската политика на судството, а во рамките на надлежноста на РСС, односно во крајна истанца и наша надлежност, предлагам и ова прашање да се вгради во дневниот ред на денешнава седница на Собранието.

Итноста и неодложноста на потребата произлегува од член 66 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, а предлогот во писмена форма веќе како што рековте е доставен и до пратениците.

Молам, предлогот да биде усвоен.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Предлогот на пратеникот Каме Петров, предлогот на одлуката да се разгледа на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 72 пратеници, 67 пратеници гласале за, 2 воздржано и 3 против.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

ЗПК предлага дневнот ред на оваа седница да се дополни со Предлог на автентично толкување на член 109 точка 1 од Законот за банките.

Предлогот на автентично толкување Ви е поделен.

Го молам претседателот на ЗПК да ја образложи итната и неодложна потреба Предлогот на автентично толкувањеј да биде разгледан на оваа седница.

Има збор пратеникот Цветанка Иванова.

ЦВЕТАНКА ИВАНОВА:

ЗПК, на својата седница одржана на 12 ноември 2004 година, го разгледа барањето за автентично толкување на член 109 од Законот за банки, поднесено од страна на пратеникот Јани Макрадули и согласно одредбите на член 185 став 2 од Деловникот оцени дека барањето е оправдано и согласно одредбите од Деловникот изготви предлог за автентично толкување на оваа одредба од Законот за банки.

Овој предлог за автентично толкување е доставен на пратениците во Собранието.

Итноста на оваа точка, почитувани колеги и г-дине претседател, произлегува од фактот што одредбат ана член 109 од Законот за банки е недоволно јасна и прецизна и одолговлекувањето односно пирмената на ваква недоволно јасна и прецизна одредба би предизвикувала во пракса штета на државниот имот, а со тоа и на финансискиот систем на државата.

Од овие причини, сметам дека е оправдана итноста на оваа точка и барам оваа точка да се разгледа на оваа седница.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Предлогот на ЗПК, Предлогот за автентично толкување да се разгледа на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 70 пратеници, 65 пратеници гласале за, 2 воздржано и тројца против.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Пратеникот Марјан Ѓорчев предлага дневниот ред на оваа седница да се дополни со Информација за состојбите со системот за спас на Дојранско Езеро.

Информацијата Ви е поделена.

Го молам пратеникот Марјан Ѓорчев да ја образложи итната и неодложна потреба информацијата да биде разгледана на оваа седница.

Има збор пратеникот Марјан Ѓорчев.

МАРЈАН ЃОРЧЕВ:

Почитувани дами и господа пратеници,

Еден од основните постулати за опстанок на човештвото е сите животински и растителни видови на планетата земја и одржливиот развој на животната средина. Конкретно, ние во Република Македонија занимавајќи се со тој проблем, најголем проблем имаме околу заштитата и зачувувањето на Дојранското Езеро.

Дојранското Езеро е дел од националното богатство на Република Македонија и ние имаме задача и како индивидуи и како заедница, а и пред нашите поколенија да им го

предадеме такво какво што сме го наследиле од претходиците, а тоа е во онаа форма во која суштествувало од неогенот.

Таа насока ќе ги образложам накратко причините заради кои мора да се разгледува итно оваа информација, затоа што државата Република Македонија во континуитет од 1988 година до 2001 година не успеала да се грижи за животната средина на начин кој преставува одговорно, консеквентно и би рекол задолжено однесување на државата Република Македонија кон националните природни богатства.

Со изградбата на системот за спас на Дојранското Езеро отпочна процесот на ревитализација кој е долгорочен, меѓутоа, јас поставив пратеничко прашање пред 6 месеци зошто системот не функционира во полн обем, но на тоа пратеничко прашање беше одговорено дека ќе профункционира и до ден денес тој не функционира.

Од тие причини, сметам дека денес со Предлог заклучоците кои ги даваме во информацијата, Владата на Република Македонија да преземе мерки за:

Прво, обезбедување финансиски средства за навремено, непречено и целосно функционирање на системот.

Потоа, да обезбеди однесување кон јавното претпријатие што ќе значи грижа, контролна функција и целокупниот тековен систем на одржување, потоа да се обезбеди на еден начин преку ЈП Електростопанство на Република Македонија кое стопанисува со државна сопственост значи со средства од државата да се постигне договор за донација, затоа што и ЕСМ стопанисува со одредени природни богатства, како што се рудните богатства јаглен на територијата на Република Македонија, да преточи дел од тоа што го добива преку земјата преку Република Македонија, преку државата, да го преточи во зачувување на друго национално богатство, водите, донација на 5 години.

И трето, Владата на Република Македонија да преземе меркиј со кои ќе се обиде овој огромен би рекол придонес и контрибуција на Република Македонија за континентот Европа со свои пари 16 милиони евра да го предложи како проект до сите донатори од Европската Унија и други Европски земји и Република Грција која ги користи териториjалните води на своја територија од Дојранското Езеро, со цел да се обезбедат и од таму донации и помош што ќе значи целосна ревитализација на Дојранското Езеро, кое заради негрижа во континуитет од 1808 година па се до денес постапено но сигурно изумира.

Од тие причини, сметам дека информацијата треба да биде на дневниот ред, затоа што се работи за национално богатство на Република Македонија кое овој законодавен дом пред се во парламентарната мора да го штити.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Предлогот на пратеникот Марјан Ѓорчев информацијата а се разгледа на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 80 пратеници, 33 пратеници гласале за, 8 воздржано и 39 против.

Констатирам дека предлогот не е усвоен.

(Реакција од пратеници)

Не може да се гласа поединечно.

Според тоа, за денешнта седница го предлагам следниот дневен ред.

1. Предлог на одлука за огласување избор на судија на Апелациониот суд во Скопје,

2. Предлог на одлука за огласување избор на претседатели на основните судови во Гостивар, Делчево, Крива Паланка и Кочани,

3. Предлог за разрешување на судија на Врховниот суд на Република Македонија,

4. Предлог за разрешување на судија на Основиот суд во Струмица,

5. Предлог за разрешување на судија на Основниот суд во Кочани,

6. Предлог за избор на судии поротници на Основниот суд во Велес,

7. Предлог за избор на судии поротници на Основниот суд во Прилеп,

8. Предлог за избор на судии поротници на Основниот суд во Радовиш,

9. Предлог за избор на судии поротници на Основниот суд во Струмица,

10. Предлог на автентично толкување на член 109 точка 1 од Законот за банките.

11. Предлог на одлука за давање согласност на утврдената стапка на надомест од вкупнот приход на друштвата кои вршат енергетска дејност за финансирање на работењето на регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија за 2003 година,

12. Предлог на финансиски план на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија за 2005 година.

13. Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Република Македонија и Србија и Црна Гора за заштита на Македонското национално малцинство во Србија и Црна Гора и заштита на Српското и Црногорското национално малцинство во Република Македонија, со Предлог на закон.

14. Предлог за донесување на закон за гаранција на Република Македонија на обврските од "Договорот за регулирање на обврските на ЈП Македонски Железници ЦО Скопје кон одредени железнички претпријатија", склучен на 15 јули 2004 година помеѓу ЈП

Македонски Железници ЦО Скопје и Меѓународното здружение на железници УИЦ, со Предлог на закон.

15. Предлог на закон за Стопанска комора на Македонија,

16. Предлог на закон за установите,

17. Предлог за донесување на Закон за парничната постапка,

18. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за Воена академија, со Предлог на закон,

19. Предлог на закон за изменување на Законот за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија,

20. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија, со Предлог на закон.

21. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за Избирачкиот список, со Предлог на закон,

22. Предлог за донесување на закон за дополнување на Законот за избор на претседател на Република Македонија, со Предлог на закон,

23. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата, со Предлог на закон,

24. Предлог за донесување на закон за дополнување на Законот за данокот на додадена вредност, со Предлог на закон,

25. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за данокот на додадена вредност, со Предлог на закон,

26. Предлог за донесување на закон за телекомуникациите,

27. Предлог на закон за вршење на психолошка дејност,

28. Предлог за избор на заменици на народниот правобранител.

Дали има некој предлог за изменување на предложениот дневен ред?

Повелете господине Мавровски, имате збор.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Благодарам, господине претседателе.

Мислам дека точките 11 и 12 по овојраспоред кој го кажавте сега треба да го изменат редоследот. Значи, прво би требало да се разгледува Предлогот на финансискиот план на Регулаторната комисија и откако тој ќе се усвои ќе можеме да пристапиме на Одлуката за давање согласност на утврдената стапка на надомест. Вака како што е поставено, ако ја утврдиме прво стапката, мислам дека е излишно да говориме за финансискиот план.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Предлогот го ставам на гласање.

Предлогот на г-динот Мавровски точките 11 и 12 да го сменат редоследот, точката 11 да биде 12, а точката 12 да биде точка 11 го ставам на гласање.

Ве молам, да гласаме.

Гласале 65 пратеници, 32 пратеника гласале за, 1 воздржано и 32 против.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Дали има некој друг предлог за изменување на предложениот дневен ред? (Нема)

Бидејќи нема друг предлог, предложениот дневен ред го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 78 пратеници, 73 пратеници гласале за, 2 воздржано и 3 против.

Констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

Ова што господинот Спиро Мавровски го предложи сега би требало да се каже.

Прашувам дали има предлог за измена на редоследот на точките на дневниот ред?

Бидејќи нема, дневниот ред што го констатиравме е конечниот и во текот на работата ќе биде поделен.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Минуваме на точка 1 **- Предлог на одлука за огласување избор на судија на Апелациониот суд во Скопје**

Предлагач е пратеникот Каме Петров.

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 65 пратеници, 63 пратеници гласале за, 1 воздржан и 1 против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за огласување избор на судија на Апелациониот суд во Скопје.

Минуваме на точка 2 - **Предлог на одлука за огласување избор на претседатели на основните судови во Гостивар, Делчево, Крива Паланка и Кочани.**

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 66 пратеници, 64 пратеници гласале за, 2 воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за огласување избор на претседатели на основните судови во Гостивар, Делчево, Крива Паланка и Кочани.

Минуваме на точка 3 - **Предлог за разрешување на судија на Врховниот суд на Република Македонија.**

Предлогот Ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Надица Димитрова да биде разрешена од функцијата судија на Врховниот суд на Република Македонија го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 69 пратеници, 65 гласале за, 1 воздржан, 3 пратеници гласале против.

Констатирам дека Надица Димитрова е разрешена од функцијата судија на Врховниот суд на Република Македонија, по лично барање.

Минуваме на точка 4 - **Предлог за разрешување на судија на Основниот суд во Струмица.**

Предлогот Ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Ристо Спасов да биде разрешен од функцијата судија на Основниот суд во Струмица го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 73 пратеници, 69 пратеници гласале за, 3 воздржани, 1 против.

Констатирам дека Ристо Спасов е разрешен од функцијата судија на Основниот суд во Струмица, поради исполнување на услови за старосна пензија.

Минуваме на точка 5 - **Предлог за разрешување на судија на Основниот суд во Кочани.**

Предлогот Ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 67 пратеници, 63 гласале за, 3 воздржани, 1 против.

Констатирам дека Ѓорѓе Марјановиќ е разрешен од фукнцијата судија на Основниот суд во Кочани.

Минуваме на точка 6 - **Предлог за избор на судии поротници на Основниот суд во Велес.**

Предлогот Ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот за избор на судии поротници на Основниот суд во Велес го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 65 пратеници, 64 гласале за, 1 воздржан, нема против.

Констатирам дека за судии поротници во Основниот суд во Велес се избрани предложените кандидати.

Минуваме на точка 7 - **Предлог за избор на судии поротници на Основноит суд во Прилеп.**

Предлогот Ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот за избор на судии поротници во Основниот суд во Прилеп го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 67 пратеници, 66 гласале за, 1 воздржан, нема против.

Констатирам дека за судии поротници во Основниот суд во Прилеп се избрани предложените кандидати.

Минуваме на точка 8 - **Прелдог за избор на судии поротници на Основниот суд во Радовиш.**

Предлогот ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот за избор на судии поротници во Основниот суд во Радовиш го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 64 пратеници, 62 гласале за, 1 воздржан, 1 против.

Констатирам дека за судии поротници во Основниот суд во Радовиш се избрани предложените кандидати.

Минуваме на точка 9 - **Прелдог за избор на судии поротници на Основниот суд во Струмица.**

Предлогот ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара  збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претерсот.

Предлогот за избор на судии поротници на Основниот суд во Струмица го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 57 пратеници, 55 гласале за, 2 воздржани, нема против.

Службите нека го констатираат бројот на присутните пратеници.

Во салата се присутни 83 пратеници.

Констатирам дека за судии поротници во Основниот суд во Струмица се избрани предложените кандидати.

Минуваме на точка 10 - **Предлог на автентично толкување на член 109 точка 1 од законите за банките.**

Прелдогот на автентично толкување Ви е поделен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на автентично толкување.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претесот по текстот.

Предлогот на автентичното толкување го ставам на гласање.

Ве  повикувам да гласаме.

Гласале 63 пратеници, 58 гласале за, 5 воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе автентичното толкување на член 109, точка 1 од Законот за банките.

Минуваме на точка 11 - **Прелдог на одлука за давање согласност на утврдената стапка на надомест од вкупниот приход на друштвата кои вршат енергетска дејност**

**за финансирање на работењето на регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија за 2005 година.**

Предлогот на одлуката и извештаите на работните тела и мислењето на Владата, Ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

За збор се јави пратеникот Коце Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Благодарам претседателе.

Очекував дека ќе се јави колегата Спиро Мавровски и затоа користам прилика да кажам дека требаше да се прифати да биде обратен редоследот на овие точки. Значи, прво, да го разгледуваме финансискиот план, се приклучувам на предлогот на колегата Спиро Мавровски. Инаку, гледајќи ја одлуката навистина нема никакво образложение во оваа одлука. Едноставно е дадено 0053 од остварениот приход на друштвата кои вршат енергетска дејност во Република Македонија остварен во 2004 година. Притоа, овде би сакал да кажам за една несистематичност на Комисијата, со оглед на тоа што претходно ни беше доставена една одлука која не беше добро формулирана, па сега еве имаме и конечен, таа беше повлечена, па ставена на конечна одлука. Сепак, мислам дека оваа одлука треба да се разгледува во контекст со финансискиот план. Притоа задолжително требаше и да ни се објасни колкав бил процентот кој што од вкупниот приход се зафаќа

од друштвата кои што вршат енергетска дејност од 2003 или за 2004 година, бидејќи сега ќе одредуваме за 2005 година, така што сметам дека овој процент би требало да биде навистина во релација со потребите на регулаторната комисија, а тие потреби најверојатно ќе треба да ги видиме од финансискиот план. Затоа, можеби е добро и двете овие точки да ги разгледуваме при расправата оддеднаш, бидејќи се доста врзани. Меѓутоа, вака на овој начин сметам дека редоследот е изместен и затоа својата дискусија ќе ја задржам за следната точка. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор?

Повелете господине Владо Илиевски, имате збор.

ВЛАДО ИЛИЕВСКИ:

Сметам дека оваа дискусија на господинот Коце Трајановски беше чисто формална. Точно очекуваше колегата Мавровски да се јави, меѓутоа, да не помине ништо без дискусија, па еве и на ова се обративме. Точно имаше една исправка во одлуката, меѓутоа, таа навреме е стигната и точно е дефинирана колкаво ќе биде зафаќањето од

друштвата кои вршат енергетска дејност во Република Македонија. За разлика од минатата година кога беа зафаќањата 0,64 според потребите што ги има регулаторната комисија, оваа година се намалени на 0,53% од друштвата, од приходите на друштвата кои што вршат енергетска дејност, токму согласно со потребите, бидејќи потребите се намалени, тоа е забележано од минатата година и оваа година зафаќањата се за 17% помали од минатата година. Толку сакав да кажам, само една исправка.Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За реплика се јави господинот Спиро Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Јас би сакал да е како што кажа господинот Владо Илиевски, точно е намалувањето од 0,64% на 0,53%, но пропуштаме една голема работа која што е во финансискиот план, каде што од она што минатата година го говоревме за усвојување на одделување на средства од овие што ја остваруваат енергетската дејност и определените 0,64%, тоа беше некаде околу 30 милиони денари, 10 милиони се префрлаа во финансискиот план за 2005 година. Значи, од она што беше одобрено за 2004 година, некаде околу 33% не е реализирано. Мислев дека за тоа ќе се проговори, а тука е и претседателот на Комисијата, па сметам дека за финансискиот план ќе даде поголеми објаснувања. Ние ќе поставиме прашања и очекувам дека ќе добиеме одговори.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 60 пратеници, 51 гласале за, 7 воздржани, 2 против.

Службите нека го утврдат бројот бидејќи доста пратеници излегоа од салата.

Во салата се присутни 74 пратеници.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за давање согласност на утврдената стапка на надомест од вкупниот приход на друштвата кои вршат енергетска дејност за финансирање на работењето на Регулаторната комисија за енерегетика на Република Македонија за 2005 година.

Минуваме на точка 12 - **Предлог за финансиски план на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија за 2005 година.**

Предлогот на финансискиот план и извештајот на Комисијата за економски прашања Ви се доставени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Господине Мавровски, повелете, имате збор.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Благодарам господине претседателе.

Пред нас го имаме Предлог финансискиот план на Регулаторната комисија за енергетина за 2005 година. Мојата забелешка и барањето прво да се разгледа финансискиот план, па после тоа да одиме на усвојување на процентот кој што ќе треба за работењето на Регулаторната комисија, мислам дека беше многу логичен и незнам колегите каде го видоа проблемот да се направи оваа измена. Сега, мислам е излишно кога веќе прифативме и кога планот кој што го има Регулаторната комисија некаде за 40 милиони денари вкупни средства кои што ќе бидат потребни за оваа година, ние всушност тоа го усвоивме. Сега, можеме да говориме во однос на она што е претставено како бројки кои што и се презентирани од Регулаторната комисија, со кои што мислев дека како пратеници ќе имаме можност на дел од нив да интервенираме, дел од нив да се зголемат, дел од нив да се намалат, но во секој случај мислев дека ќе имаме дискусија токму по овој план на Регулаторната комисија. Зошто го говорам ова, очекував во минатата 2004 година имаме информација дека бројот на вработените е вкупно 19, во кој што се вклучени и петте члена од Регулаторната комисија кои ги биравме на Собраине. Очекував да добиеме информација колку од овие луѓе кога биле вработени, колку средства се потрошени за лични доходи, колку средства се потрошени во однос на нивната обука во минатата година и што од сето тоа ние како Парламент можеме да имаме информација, затоа што тогаш предвидените 30 милиони денари Регулаторната комисија потроши некаде околу 20 милиони и останаа 10 милиони кои што влегуваат во износот кој што тука ни е даден од 10.837 илјади пренесени приходи од 2004 година. Затоа, мислев дека во однос на некои ставки кои што тука ни се презентирани и кои што покажуваат одредени информации во однос на вработените, во однос на работењето на Регулаторната комисија и мислењето кое што денеска, за жал, го добивме од Владата, која што сега е во оставка, но во секој случај мислењето е тука пред нас и добиено токму пред почетокот на седницата на која што се расправа за овој финансиски план.

Она што го кажува Регулаторната комисија дека предвидените средства се доволни во однос на она што значи вработен кадар, но ако погледнеме од вкупната бројка од 40 милиони денари, некаде околу 24 милиони се одделени средства за плати и обука. Значи, тоа е некаде околу 60% од вкупно предвидените седства кој што треба регулаторната комисија да ги има во оваа 2005 година. Знаејќи ги законските обврски и

тоа што Регулаторната комисија треба да претставува во Република Македонија, мислам дека и овој број од 19 луѓе, очигледно е дека и покрај нивните забелешки дека тоа е доволен број на луѓе, јас мислам дека многу скоро ќе се покаже дека не е така, затоа што и оние средства предвидувани за консултации и ангажирање на стручни соработници се доста големи во однос на останатите средства кои што регулаторната комисија ги побарува. Зошто го говорам ова? Ако ги земеме овие 24 милиони за плати и обука и на нив ги додадеме 6 милиони кои што Агенцијата треба односно Регулаторната комисија треба да ги дава за закуп на простор, стигнуваме до бројката од 30 милиони или 75% од вкупните средства. Значи, од предвидените 40 милиони, 30 милиони или 75% се всушност плати и закупнина, наем на простор на кој што тие вработени треба да работат. Мислам дека овој сооднос емногу лош затоа што Регулаторната комисија уште е во фаза на создавање и сеуште оние резултати кои што ги очекувавме од неа ги немаме и покрај тоа што најавата во однос на дефинирање на одредени методологии, во однос на она што беше тарифни системи за електричната енергија, за топлинската енергија и природниот гас, досега очекувавме дека сите тие работи ќе бидат завршени.

Можеби не по нивна вина, во однос на оние консултантски куќи кои беа ангажирани, што во меѓувреме и банкротираа, во однос на она што Владата го дефинира како солидни партнери со кои што Регулаторната комисија ќе може да соработува. За жал, не се покажа дека тоа е така. Нив ги немаме. Така што тарифните системи сеуште стојат и суште граѓаните на Република Македонија ги доведуваме во заблуда дали цената на електричната енергија утре ќе ја дефинира Регулаторната комисија, дали покачувањето ќе биде од ЕСМ , дали тоа ќе биде Владата на Република Македонија и тука правиме еден совршен хаос во кој што многу тешко граѓаните се снаоѓаат.

Затоа треба да бидеме чисти во односите и треба да знаеме ако Регулаторната комисија ги презема овие обврски, тоа е нивно задолжение и тие треба да си ја истераат работата онака како што треба, без никаков притисок ниту од ЕСМ, а уште помалку од Владата на Република Македонија, бидекјќи оваа регулаторна комисија и покрај тоа што Собранието и ние како опозиција имавме доста забелешки при формирањето, мислам како таква треба да биде независна и треба да ги остварува овие права на сите овие кои се занимаваат со енергетика во Република Македонија.

Ова е само дел од забелешките. Јас би сакал конкретно по ставки што тука се презентирани од претседателот на Регулатовната комисија, би имал забелешки на повеќе точки од овој план.

На состанокот, односно на комисиската расправа ги изнесов моите забелешки. И сега стојам на тоа дека преведувачките услуги што имаат ставка од 279.560 денари и

адвокатските услуги што изнесуваат некаде 173.320 денари или вкупно 452.880 денари, се помалку од нешто што значи ставка 8.12 - други услуги и каде што се планирани 426.000 денари. За жал, кога ги видиме другите работи каде што треба стварно Регулаторната комисија да биде презентирана, значи промотивните активности, имаме 275.000. За жал, тоа е многу помалку одколку за преведувачки услуги и адвокатските услуги. Тука мислам дека апсолутно не држи место и ќе мора да се преземе некоја активност. Значи, информативно-промотивни активности во странство 180.000 и во земјата 91.000. Тоа се премногу малку пари за таква работа. Исто и семинари и конференции, сумата од 480.000 е премногу мала, премногу ниска, за да можеме да презентираме она што Регулаторната комисија го работи. Јас очекувам дека сите субјекти за енергетика треба да се запознаат со работата на Регулаторнат акомисија. Ако веќе одиме на тој систем да Регулаторната комисија е таа која што одлучува и носи одлуки, тогаш и субјектите ќе треба да се прилагодат на сето она и многу поспецијално да добиваме информации од таа Регулаторна комисија за се што работи, до каде е стигнато. Исто и ние, како Собрание, јас очекувам дека Регулаторната комисија, еве, нека не биде обврска, во текот на годината да добиеме некоја информација за активностите што се во текот, еве да акжеме во период од шест месеци завршни и кои што Комисијата очекува да ги заврши. Мислам дека барем толку можеме да добиеме и дека нема да претставува никаков проблем.

Значи, стојам на тоа дека проширување на делот на вработувањата ќе следи многу брзо. Би требало да добиеме информација кои и колку се вработени, од кој профил, затоа што ангажирањето, консултанските услуги од некаде милион и 600 можеби се и многу, множеби се и многу, во зависност од стручњаците кои се ангажирени, дали ќе бидат правници, дали ќе бидат луѓе кои го знаат јазикот, луѓе кои ќе можат да помогнат во вашето работење.

Значи, очекував еден финансиски план за кој што сега ќе говориме за после тоа да се усвои ставката. Но, сега е завршена работа. Ова се само забелешки врз основа на финансискиот план што вие ни го приложивте.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

За збор се јави предлагачот, повелете г-дине претседател на Регулаторната комисија.

СЛАВЕ ИВАНОВСКИ:

Благодарам г-дине претседателе,.

Почитувани пратеници,

Ви благодарам за должното внимание што го посветивте на овој документ. Забелешките изнесени од ваша страна не можеме да ги сфтиме никаку поинаку освен како добронамерни и конструктивни. Отдука, ќе се обидам по ред да одговорам , како што се дадени забелешките.

Најнапред, сакам да ви укажам дека согласно Законо за енергетика, Регулатовната комисија е должна да изготви и да достави извештај за своето работење до Собранието на Република Македонија, заклучно со 31 март во наредната за тековната година.

Одтука, сетоа она што г-динот Мавровски го кажа во најдобра намера како барани информации ќе биде содржано во тој извештај за работењето. Исто така следејќи ја праксата, меѓународно прифатената пракса во другите земји, во тој годишен извештај за работење ќе бидат содржани и состојбите на пазарот со енергија во Република Македонија, како и состојбите воопшто во енергетскиот сектор.

Она што г-динот Мавровски го кажа по поодделни ставки во Финансискиот план, нив ги образложивме во текот на расправата на Комисијата за економски прашања. Така што, тука само би потенцирал некои ставки што наизглед изгледаат премногу несразмерно високи во однос на останатото. Меѓутоа, тие ставки се резултат на состојбата во која се наоѓа Регулатовната комисија, односно нејзините обврски.

Најнапред, ставката за патни и дневни трошоци во земјата и странство и за репрезентација, таа ставка во износ од 320.000 денари изнесува 18% од вкупните средства предвидени со финансискиот план, а е двојно поглема од ставката предвидена во финансикиот план за 2004 година. Ова зголемување се должи на следново: Во 2005 година Регулаторната комисија ќе настапи со полн број на вработени, фактички со дополнување на вработените од 18 од можни 19, колку што се сега вработени, се заврши заклучно со септември, односно крајот на август.

Натаму, во оваа ставка се содржани патни трошоци за странство, затоа што вработените во Регулаторната комисија, своите обуки и тренинзи ќе ги добиваат во еминентни меѓународни институции, организирани преку Американската асоцијација на регулатори НАРУК и во рамки Регионалната асоцијација на енергетски регулатори. Сакам да кажам дека од мај оваа година Република Македонија под уставното име стана полноправна членка на оваа организација.

Во овие трошоци се содржани и трошоци за одржување на состаноци на комитетите на ЕРА, на Регионалната асоцијација и ние бевме повикани од страна на ЕРА во текот на 2005 година да организираме неколку вакви состаноци на работните тела на ЕРА.

Исто така, претставниците на Регулаторнат акомисија учествуваат на состановиците, на работните групи за транзит и трговија со енергија на Договорот за енергетска повелба, како и на конференциите за енергетската повелба што редовно се одржуваат неколку пати годишно во Брисел. Сакам да нагласма дека од нашето основање оствариме блиска билатерална соработка со соседните земји, особено со Регулаторната комисија на Бугарија и имаме размена на експерти и консултативни состанови што придонесува за тренингот и обуката на нашите експерти, меѓута повлекува и трошоци.

Регулаторната комисија активно учествува на сите состаноци организирани во рамките на Атинскиот форум, посебно во Работната група на регионалните работни тела и, како што се најавува, ќе имаме и свој претставник кој редовно ќе учествува во работите на Меѓународниот регулаторен борд. Оттука оваа ставка, сметам дека во целост е оправдана, имајќи го во предви сето она што го кажав.

Точно е тоа што г-динот Мавровски го кажа дека голем дел од средствата, фактички боде очи тоа што ние го плаќаме како закупнина за деловне простор. Тука би ги вклучил и трошоците што се однесуваат не само на закупнината, туку и на комуналните услуги, односно електрична енергија, вода и др. комунални услуги. Таа ставка изнесува од 14,7% од финансискиот план. Значи, имаме земено под закуп простор во централното градско подрачје, целосно уреден, со целосна инфра структура и телекомуникациона инсталација. За тоа плаќаме 12,5 евра по метар квадратен што, ако провериме на пазарот, тоа е една нормална цена.

Сакам да нагласам дека баравме простори надвор од централното градско подрачје, меѓутоа не се одлучивме за ваква работа, затоа што тие простори или немаат целосна инфраструктура, беа неуредени или имаа нерешени сопственичко-правни односи, поради тоа што повеќето од нив припаѓаа на организации и компании што се сега во стечај. Така што не се одлучивме од таков ризик.

Во однос на делот на платите, 41% од финансискиот план, од вкупните расходи се определени за плати и надоместоци на вработените. Сакам да кажам дека тоа е во рамки на она што како процент се издвојува за плати на скоро сите регулаторни комисии во Европа и регионот особеон. Некаде одат и до 70%.

На г-динот Мавровски уште еднаш да му се заблагодарам за должното внимание. Навлезе во многу детална и прецизна анализа на одделни податоци и бројки дадени во Финансискиот план. Би сакал малку да ви дообјаснам.

Точно е дека ставката за преведување изнесува скоро 280.000 денари, меѓутоа таа проценка е направена врз основа на барањата на преведувачкие компании што се занимаваат со таа дејност за симултано преведување на меѓународни конгеренции што се организираат, за што, како што кажав на почетокот ние имавме обврска оваа година да одржиме работни состаноци на неколку релевантни меѓународни тела.

Во однос на активностите на Регулаторната комисија, таа официјално почна да работи од 1.01.2004 година, Во овој период се одржани 26 седници, донесени се повеќе од 20 одлуки што се објавени во “Службен весник на Република Македонија “ и фактички сметам дека Регулаторната комисија и енергетските субјекти ја прифатија нејзината работа, што може да се види и од степенот на наплатата на приходите, односно како енергетските објекти ги исполнуваат своите обврски, утврдени со закон, спрема Регулаторната комисија.

Многу скоро, можеби за 10-тина дена ќе ги почнеме јавните расправи по тарифната Методологија за определување на цените на електрична енергија и Тарифвниот систем за испорака на електрична енергија. Следејќи го она што се случува во електро-енергетскиот сектор, а имајќи предвид дека новите компании од електро-енергетскиот сектор, пред се мислам на компанијата за пренос, АД МЕПСО, треба според проценките на Владата да почне да функционира од 1.01.2005 година, новата тарифна методологија ќе почне да се применува од 1.01.2005 година. За ваша информација тоа е тарифна методологија препорачана од експертите на ЕУ и се засновува на комбиниран метод на ограничен приход и ограничени цели. Таквата методологија е прифатена во земјите на регионот и пошироко во земјите на ЕУ.

Исто така, до крајот на годината, Регулаторната комисија ќе го донесе и правилниот за услови, начин и постапка за издавање и одземање на лиценци за вршење на енергетски дејности. Овој правилник е работен во соработка со еден врвен европски експерт за лиценцирање, тоа е г-динот Габор Сереѓи од Унгарската регулаторна комисија кој своите консултации ги дава на поразвиените земји членки на ЕУ.

Засега би имал толку. Ви стојам на располагање. Се надевам дека овој финансиски план ќе биде усвоен.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Г-дине Мавровски имате реплика, повелете, три минути,

СПИРО МАВРОВСКИ:

Добро што г-динот претседател ми објасни доста од воие точки што се тука. Но, јас останувам на тоа дека боде очи и она што го говорев уште при формирањето на

Регулаторната комисија за малку попрецизни бројки да ни стане јасно и нам и на граѓаните на Република Македонија, 19 вработени, некаде околу 17 милиони за плати или тоа е бруто по 15.000 евра секому. Или, вклучувајќи ја и обуката по 21.500 евра или околу милион и 300 од прилика на секој човек. Тоа е она што можеби оние 41% од вкупните средства, знам дека оваа активност бара доста ангажмани, доста експерти да ги завршат овие работи, можеби овие средства и се мали, но однос на она што се случува во нашата држава и во однос на луѓето кои работат во енергетиката, мислам дека се преголеми. Говорам во однос на нив.

Уште една работа, оваа тарифна методологија, што побрзо да се донесе ќе биде подобро, затоа што информациите што ги добивавме директно од терен, на пример пуштањето на" Света Петка" ова ќе повлече покачување на електричната енергија. Генералниот директор на ЕСМ го негираше, а претставникот на Владата, министерот за економија кажа дека ова сигурно ќе повлече покачување на електричната енергија. Значи, такви работи ги доведуваат граѓаните на Република Македонија во една неизнесност. Еднаш треба да се каже дека она што ќе биде донесено во методологија, ќе биде тоа. Тука да нема дилеми кај никого. Вака, остануваат дилемите дека некој може да промени, некој сака да промени, но некој не дава. Сега оваа игра меѓу три фактори, каде одлучувачка треба да биде Регулаторната комисија, мислам дека треба да прекине и еднаш да добиеме информации за она што исправно се случува и што треба да се случи понатаму во Република Македонија на полето на енергетиката.

Уште еднаш стоја зад тоа, затоа што многу добро ги знам платите на вработените во ЕСМ. Мислам дека апсолутно несоодвествуваат со ова што тука е презентирано како бруто и како приход што ќе го остваруваат вработените во Регулаторнат акомисија.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Повелете г-дине, имате една минута контра реплика.

СЛАВЕ ИВАНОВСКИ:

Г-дине Мавровски,

За ваша информација, за 13 работни места колку што беа објавени за прием на Регулаторната комисија, само еден кандидат беше пријавен од постојна енергетска компанија. Тоа значи дека платите на вработените во Регулаторната комисија не се доволно атрактивни во однос на постојните плати што се во енергетската комисија, енергетскиот сектор. Тоа е наш показател. Не знам зошто не постои интерес. Во новата тарифна методологија ние ќе бараме трошоците за инвестиции и посебно трошоците за

заштита на животната средина да бидат признаени и да влезат во цената на електричната енергија. Само така може да го одржиме развојот на енергетскиот сектор. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Трајновски, имате збор.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Благодарам претседателе,

Би сакал и јас да се вклучам во оваа дискусија.

Имено, како што знаеме и како што кажа предлагачот Регулаторната комисија почнала со својата работа практично од 1.01.2004 година. Можеби поради времето, за жал мораме да констатираме дека Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија во еден дел од своите обврски сеуште не функционира како што е предвидеон со закон. Впрочем, тоа го кажа и предлагачот, кажано е и во мислењето на Владата. Значи, треба да се интензивираат активностите во Регулаторната комисија, така што сите обврски и надлежности што ги има согласно со Законот за енергетика, битребало што побрзо да бидат во функција.

Иако се видливи одредени подобрувања во нејзиното подобрување, во оваа година, сепак треба да се направи поголем напор. Да се надеваме дека во наредниот период ќе оствари поголем принцип, на независност, со што ќе се обезбеди конкурентност и намалување на монополската поставеност на субјектите на пазарот за енергија.

Значи, како позитивно може да се објасни со тоа што, да се каже дека сега процентот е намален од 0,064% на 0,053% и во образложението е ставено дека е намалувањето 17%, а јас мислам дека е 11%, бидејќи е 64 - 53%, меѓутоа, тоа не е толку важно, само како факт.

Инаку, она што мене вака ми недостасува да направам една поконкретна анализа и да дадам свое мислење по овој Предлог-финансиски план, е тоа што воопшто нема дадено споредбени податоци за 2004 година. Значи ова е како некој дел од буџет, ние го гледавме Буџетот на Република Македонија  и имаме табела паралелно за 2004, 2005 година, така да можеме да видиме во кои ставки, значи сумарно по ставки, колку е предвидено и колку е остварено во 2004 година, за да би можеле да имаме некое померодавно размислување и некој став кога говориме за 2005 година.

Исто така, она што недостасува од технички аспект, што многу нам ни е значајно, предлагачот на Владата го слушам често зборува за проценти. Ние ги немаме дадено тие

проценти. Значи би требало, исто така на секоја ставка нејзината процентуалност, во потставка и сл., за да би можеле исто така да имаме едно поцелисходно размислување.

Она што исто така сакам да го напомнам, гледајќи го финансискиот план за 2005 година е тоа што го кажа колегата Мавровски, многу е висока вредноста за закупнината. При ова, предлагачот на Владата кажа дека е 12,5% евра по м2 во централното градско подрачје. Сметам дека не мора во централното градско подрачје да се плаќаат 450 м2 закупнина. Или ако ги иземаме тие 13 или 14 вработени, ако ги исклучиме од Второстепената комисија излегува дека по вработен имаме околу 20 до 30 м2 простор. Тоа го плаќаме многу скапо. Нешто не ми е јасно. Сметам дека многу комотно се однесуваме, бидејќи, ајде да е просторот ефтин, а просторот е скап по човек. Ние знаеме дека пратеници сме во Парламентот, а сепак немаме ни по 2 м2 овде во зградава, за да можеме нормално да работиме. Затоа сметам дека тука треба малку да се размисли. Не значи дека ние ако во законот дадовме максимално 1% од приходот на претпријатијата кои што работат во енергетиката, тоа не значи ако сме ја намалиле на 0,53% дека нешто сепак штедиме. Значи сепак е важна апсолутната бројка. Можеби сме погрешиле и во законот. Затоа сметам дека малку треба поштедливо да се однесува Комисијата, гледајќи ги сите овие бројки. Би напоменал и во платите за вработените, претставникот рече дека никој не се пријавил, а јас гледајќи ги платите за вработените 8 милиони и нешто, поделено по 19 вработени, за 12 месеци излегува 38 илјади е плата по вработен во Регулаторната комисија. Јас не знам зошто ова не е примамливо, меѓутоа, во секој случај е плата која што е повисока и од претседателот на државата и од премиерот и од министрите а за пратениците да не дискутираме.

Затоа сметам дека треба да се направи една подобра анализа на сето ова, особено што еве 25% од планираните приходи се пренесени од 2004 година. Дали значи дека сето ова ќе биде предимензионирано и во 2006 година ќе имаме пренесување на тие приходи. Значи во секој случај може единствено да се даде некое оправдување што можеби е нова Регулаторната комисија, па ова е прв практичен финансиски план, ако ја земеме 2004 година, меѓутоа, сметам дека треба малку да биде од аспект на тоа дека треба да се штедат средства.

Инаку, конкретно би сакал да напоменам се зборува често за информатичка опрема, меѓутоа, на една од моите претходни дискусии спомнав и сега ќе кажам, овде се предвидени на пример 200 илјади денари. Значи ние не треба да зборуваме за информатичка опрема, треба да зборуваме за информатички системи, во кои што покрај опремата, вклучен е и софтверот. Ние секогаш зборуваме за опрема. Мислам дека тоа е

многу одамна надминато пред повеќе од 10 години. Значи треба да зборуваме за информатички системи, софтвер со кој што ќе им се подобри работењето на вработените во Регулаторната комисија како на умрежување така и на нивното секојдневно работење.

Што се однесува за службените патувања, јас не би повторувал, значи би се согласил со колегата Мавровски, меѓутоа, претставникот на Владата објаснуваше за службените патувања надвор од Република Македонија, меѓутоа, ако ги гледаме службените патувања во Република Македонија, исто така, сметам дека се многу високи, знаејќи дека претставниците на сите големи фирми кои се бават со енергетика во Република Македонија се во Скопје, така да многу се помали потребите за патување надвор од Скопје, а сепак предвидени се околу 2 милиони денари.

Исто така, ако земеме да гледаме во финансискиот план, да го разгледаме подетално, ќе видиме дека во точка 6.7. има други расходи, во точка 7.7. други административни материјали и во точка 8.12. други услуги. Значи се нешто друго, т.е. недефинирано и оставено резерва. Сето тоа е 750 илјади денари собрано од овие три ставки. Значи би требало овие недефинирани трошоци да бидат што помали, инаку вака се создава една рамка во која што навистина, се прави комодитет или префрлување на овие ставки во било која од претходните, или пак се нема доволно сознание или предвидувања за сите можни трошоци кои што можат да се јават во Регулаторната комисија, меѓутоа, навистина, ова боде очи кога човек ќе види 750 илјади денари е за нешто друго недефинирано.

Земајќи го предвид сето ова, сметам дека финансискиот план би требало да се поправи односно да се корегира, за да би можеле навистина, не бидеме толку комотни во трошењето на средствата.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За реплика се јави господинот Владо Илиевски.

ВЛАДО ИЛИЕВСКИ:

Не ми е јасно кога се сака нешто да се дискутира, само колку да се дискутира. Дозволените зафаќања на оваа Комисија од друштвата кои вршат енергетска дејност е 0,1%. Овдека имаме 0,53%. Од тие 0,53% имаме остаток кој се префрла во наредната година. А упорно и на комисии и на собраниски расправии дискутираме за закупнина на станбен и деловен простор. Нормално таа комисија на почетокот на своето заживување нема деловен простор и мора да има закупнина. А фала Богу, не се знае ни колкава е таа закупнина. Ние многу брзо заборавивме колку се дава пари за купување на килограм сол или еден маус.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Трајановски имате една минута конра реплика.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ

Господине колега Владо многу сте вознемирен, се гледа од дискусијата, не знам зошто. Мислам дека доволно елабориравме дека 0,1% навистина ќе значи голем комодитет за оваа Комисија. Споредувањето со мауси и слично, мислам дека веќе ви е депласирано. Премиерот кажа дека корумпираната Влада е во оставка, а да не влегуваме во тие дискусии, во тие навреди, зашто сепак, еден премиер да го каже тоа, мислам дека е многу појако од некој новинар.

Она што се однесува за закупнината, јас многу корекно кажав. Владата треба да се потруди да најде трајно решение за просторот во кој што ќе работи оваа Регулаторна комисија, бидејќи 5 милиони денари се даваат годишно. Значи за неколку години ние тоа можеме да го купиме. Значи тоа е централното градско подрачје со 30 м2 по вработен. Мисам дека е илузорна дискусијата.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот.

Ги молам пратениците да влезат во салата, бидејќи треба да пристапиме кон гласање за финансискиот план.

Почитувани пратеници, Предлогот на финансискиот план го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 58 пратеника, 50 гласале за, 8 се воздржале, нема против.

Ги молам службите да го утврдат бројот на присутните пратеници во салата.

Во моментот на гласањето во салата беа присутни 70 пратеници.

Констатирам дека Собранието го усвои финансискиот план на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија за 2005 година.

Минуваме на точката 13 - **Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Република Македонија и Србија и Црна Гора за заштита на македонското национално малцинство во Србија и Црна Гора и заштита на српското и црногорското малцинство во Република Македонија, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на закон, со Предлогот на законот и извештајот на ЗПК ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Република Македонија и Србија и Црна Гора за заштита на македонското национално малцинство во Србија и Црна Гора и заштита на српското и црногорското малцинство во Република Македонија.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 65 пратеника, 63 за, 1 воздржан, 1 против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон?

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеника, 61 гласале за, 1 воздржан, нема против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Повелете господине Мавровски имате збор.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Благодарма господине претседателе.

Генерално имам неколку забелешки во однос на ова што значи овој закон, посебно членот 8 во ставка 2 стои дека договорните страни при менување на административните и изворните единици на ниво на држава и локална самоупрва, ќе ги консултираат организациите на националните малцинства. Дали тоа значи дека референдумите кои што ќе ги направат националните малцинства во државите каде што егзистираат, ќе треба да бидат усвоени од страна на, во овој случај предлагачите, т.е. Владата на Република Македонија и Владата на Република Србија и Црна Гора.

Исто така, имам уште една забелешка, дали со овој закон, бидејќи тука не прочитав во текстот на законот, дали се решаваат прашањата на политичките партии на малцинствата во двете држави, или тоа се решава со некој друг закон кој што не стои во односите помеѓу овие национални малцинства. Овие две дилеми ми стојат. Во однос на останатите членови мислам дека горе долу она што е заштита на националното малцинство и во Србија и во Република Македонија, барем за Република Македонија, мислам дека голем дел од ова што е запишано веќе се реализира. Овие две дилеми ми стојат и мислам дека би сакал објаснување, доколку ова може некој да ми го презентира.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по текстот.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 60 пратеника, 56 гласале за, 1 се воздржал, 3 гласале против.

Ги молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

Во моментот на гласањето во салата беа присутни 69 пратеника.

Констатирам дека Собранието го донесе законот.

Минуваме на точка 14 - **Предлог за донесување на закон за гаранција на Република Македонија на обврските од Договорот за регулирање на обврските на Јавното претпријатие Македонски железници ЦО Скопје кон одредени железнички претпријатија, склучен на 15 јули 2004 година помеѓу Јавното претпријатие Македонски железници ЦО Скопје и Меѓународното здружение на железници УИЦ, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот, со Предлог на закон, извештајот од Комисијата за финансирање и буџет и дописот на ЗПК ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донеусвање на законот.

Молам, кој бара збор?

За збор се јави пратеникот Коце Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Би сакал да се вклучам во дискусијата по овој закон.

Пред се би го поздравил донесувањето на овој закон, со кој што се гарантира значи Република Македонија ги презема обврските од Договорот за регулирање на обврските на ЈП Македонски железници кон одредени железнички претпријатија. Значи многу е јасно дека Македонските железници во своето тековно работење разменува разни услуги со странски железнички претпријатија. Долги години наназад долговите на Македонските железници се зголемуваат кон странските железници така да достигнуваат една енормно висока вредност.

Она што сакам да го истакнам е дека уште на почетокот при раздружувањето, пред 15-тина години кога Македонските железници се раздружуваа од Југословенските железници прифатен е енромно висок долг при распределбата на долговите на

Југословенските железници спрема странските железници, така да Македонија била втора, додека Босна и Херцеговина е трета со само 6 милиони евра, а ние сме биле втори со 47 милиони евра. Пред нас се Србија и Црна Гора. Значи отогаш се поставува една дилема како во Македонските железници не се размислувало доволно при прифаќањето на навистина толку голем долг во однос на обврските кои што се распределени т.е. Босна и Херцеговина.

Значи, сакам да истакнам дека 1997 година е потпишан Протокол помеѓу претставниците на Македонските железници со претседателот на Козверт, Комитетот за финансиски односи, со што се потврдува дека Македонските железници должат приближно околу 47 милиони евра.

Овој Протокол со кој е утврден износот на вкупните обврски на Македонските железници спрема странските железници не е евидентиран 1997 година во книговодствената евиденција на Македонските железници. Значи, обврските се само интерноприкажани, по некоја интерна евиденција, така да во текот на 2001 година обврските се намалуваат со плаќање на две рати спрема Унгарските железници. Исто така во период од 1999 година до 2000 година се плаќаат 6 милиони обврски према Германија, 2 милиони спрема Еуро фирма кредит и 5 милиони кредити преземени од Агенцијата за санација на банките. Значи, исто така од 1999 до 2000 година исто така се плаќани неизмирени даноци и придонеси кои што 1997-1998 година достигнуваат вредност 10 милиони евра. Значи, за период од 1997 година направени се најголемите загуби во Македонските железници.

На 16 јуни 2002 година од страна на раководството на Македонските железници беше потпишан Протокол УИСФ Париз со кој се одобрува барањето на намалување на обврските за 50%. Сега се поставува прашањето зошто се чекало до 15 јули 2004 година, значи до потпишувањето на Договорот за регулирање на обврските на ЈП Македонските железници со одредени железнички претприатија. Тоа е што со оглед на фактот дека Владата на Република Македонија се јавува како гарант по однос на намирување на обврските во износ од 13 милиони евра по Договор за регулирање на обврските на ЈП Македонските железници кон одредени железнички претпријатија, значи според Договорот од 15 јули 2004 година се поставува прашањето кој ќе ги превземе обврските од овој Договор. Знаеме дека Македонските железници се во процес на трансформација кои што трае веќе подолго време. Се највува дека ќе се подели на две компании, инфраструктура и транспорт, значи треба да се предвиди која од овие две компании е ги превземе обврските за плаќање на обврските спрема странские железници за кои што гарант е сега Владата на Република Македонија.

Исто така Македонските железници тешко дека ќе можат да го плаќаат овојдолг. Во Договорот се предвидува блокирање на сметката на Македонските железници, што е нормално ако пазарно се однесува, меѓутоа треба да се размисли што побрзо да се направи таа трансформација, но таа трансформација да не биде само како што се најавува често и како што знаат вработените во Македонските железници со еднострaното отпуштање од 900 до 1000 вработени кои што во последно време во списанијата добива и свој интензитет. Луѓето се плашат дека ќе бидат отпуштени по партиска, по блиска и слична определба. Значи, се работи за претпријатие кое што навистина се наоѓа во криза и затоа сметам дека Владата на Република Македонија би требало да размисли што ќе се случи доколку и понатаму има дополнителни обврски, има проблеми сонајосновното, со исплатата на платите, а сега ќе има и дополнителни проблеми бидејќи ќе треба да враќаат обврски спрема странските претпријатија и доколку тие не ги вратат во тој случај ќе им биде блокирана сметката, затоа што обврските ќе треба да ги плати Владата на Република Македонија.

Значи, сепак се работи за една навистина комплицирана ситуација и затоа би сакал од предлагачот на овој закон односно Владата на Република Македонија да добиеме некои дополнителни информации за тоа што ќе се случува со ова претпријатие и дали тоа ќе биде во можност да ги врати овие средства, што во случај ако не може да ги врати и до кога ќе се пролонгира трансформацијата на ЈП Македонски железници.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Караџовски, имате збор.

ЖАРКО КАРАЏОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги,

Дозволете ми и мене да кажам неколку реченици по однос на овој закон.

Значи, доставен ни е закон за гаранција на Република Македонија за обврските на Македонски железници спрема Договорот за регулирање на обврските што ги имаат Македонските железници спрема еден поголем број , поточно 14 странски железнички претпријатија. Тука да не бидеме во заблуда, бидјеки со оовј закон што сега го носиме Република Македонија се јавува во улога на гарант, или преведено доколку Македонските железници не го отплатат долгот согласно вооj Договор што ни се нуди во контекст на законот тогаш обврската ќе ја плати Република Македонија. Значи тоа е таа форма која е најдена и тоа е таа форма која ние сега низ закон треба да ја верифицираме.

Што е тука проблем?

Проблем е, не би сакал да навлегувам во тоа од каде произлегле тие обврски, кој е виновен за сето тоа, меѓутоа јасно е барем и во образложението и во причините поради

кои треба овој закон да се донесе наведено е дека обврските на Македонските железници изнесуваат над 48 милиони евра и тоа за период од 1.10.1001 година до 31.12.1995 година. Значи, за четиригодиШен период. Обврски по основ на тоа што е наведено во образложението, наплата на патнички билети, превозен пат, трошоци за превоз и т.н.

Сега кога го читаме законот ќе прочитаме дека овој закон билдобар закон и не е никогаш чудно кога Собранието на Република Македонија на предлог на Владата на Република Македонија носи закон за гаранција или за задолжување ние секогаш да велиме дека се тоа добри закони, а да не заборавиме еден факт дека и за задолжувањето и исплатата по гаранции, како што овој закон е впрочем е терет на Буџетот на Република Македонија , поточно обврските, независно кој е виновен за сето тоа и како тие настанале, сепак ќе ги плаќаат даночните обврзници или поточно речено граѓаните на Република Македонија.

Зошто е овој закон добар?

Според Владата во оставка овој закон е добар затоа што во Договорт е предвидена можност да се простат 51% од вкупниот долг, што значи дека треба да се исплатат некаде околу 12 милиони 208 илјади евра во тек на 5 години заедно со камата од 3,5% годишно, или вкупно 13 милиони 383 илјади евра. Тоа е тоа што е добро според законот. Значи нема да плаќаме како држава 48 милиони туку ќе платиме 13 милиони. Сега некој можеби ќе каже сигурно 13 е помалку од 48, меѓутоа и 13 милиони не е мал износ акоземеме предвид дека Република Македонија со разни закони за задолжување се задолжувала и за помали суми од 13 милиони евра, што значи дека ни недостасувале за одредени работи и сме се задолжувале од Светска банка или незнам од каде. Јас разбирам дека Македонските железници се  јавно претпријатие и дека Република Македонија имаобврски кон тоа, меѓутоа се поставува главното прашање. Со овој закон кога ќе се усвои, а ќе се усвои, обврските кои што Македонските железници ги имале до 1995 година согласно овој Договор ќе бидат исплатени неспорно и без дилеми од Република Македонија независно од тоа што носиме закон за гаранции. Значи нема да биде Република Македонија гарант туку директно ќе ги исплати долговите, затоа што и според образложението на повереникот на Владата кој беше присутен на Матичната комисија во овој момент Македонските железници немаат средства, тоа е повеќе од очигледно и јасно да го исплатат долгот. Според овој закон јасно е дека доколку по овој Договор Македонските железници не можат да го исплатат долгот тоа ќе го направи Република Македонија. Значи, тука дилеми нема. 13-те милиони ќе ги плати Република Македонија од средствата на Буџетот. Тоа е она што сакам да кажам дека во секој случај

ќе се одлеат пари од Буџетот и во секој случај граѓаните ќе треба да го платат тоа што некој претходно или сите заедно во целиот тој период не се работело како што треба, можеби од субјективни, можеби од објективни причини, затоа што овој долг произлегува за периодот 1991 до 1995 година.

Меѓутоа се поставува прашање што се чекало толку долго време да се трупаат обврските за да мора после 10-тина години да ги измируваме и се поставува прашањето што ќе се случи откако ќе се плати овој долг. Дали Владата како предлагач на овој закон е сигурна дека откако ќе се исплатат овие долгови Македонските железници ќе застанат на свои нозе и нема да прават повторно долгови. Ние во овој момент не знаеме што во Македонските железници се случува, кој е тој акционен план кој што Владата го најваува подолго време, што со него, ќе се случи ли приватизација во догледно време или тоа ќе се одлага со оглед на сега новонастанатите состојби, немаме Влада, не знаеме што ќе биде, која ќе биде таа Влада или оној акционен план кој што досегашната Влада го правела, како ќе се реализира? Значи, во секој случај ќе се јави еден период можеби од повеќе месеци, можеби година дена доека дојде клучната приватизација врз основа на која Македонските железници треба да застанат на свои нозе, да не произведуваат повторно загуби. Значи, ако тоа така оди ние ќе дојдеме во ситуација после година дена повторно да носиме еден ваков или сличен закон со кој што повторно Република Македонија од своите средства, од Буџетот ќе треба да ги исплаќа долговите на Македонските железници, затоа што е повеќе од очигледно дека тие сами вакви какви што се тешко ќе можат тоа да го прават.

Заради тоа и на Матичната комисија предложивме, мислам дека упативме и допис до  Министерството за финансии, до Владата на Република Македонија да ни достават акционен план кој што го имале за Македонските железници, што таму се предвидува, во кој рокови, каква би била приватизацијата, или не мора акциониот план, побаравме дури информација за да и граѓанит ена Република Македонија знаат што плаќаат, има ли перспектива за Македонските железници односно дали тоа претпријатие и понатаму ќе предизвикува трошоци и дали повторно ќе треба да се плаќаат долгови, или пак со некаков план, со некаква конкретна мерка Владата на Република Македонија нешто конкретно ќе направи за да не ни се случуваат штрајкови за плата, штрајкови за ова, штрајкови за она. Тоа прашање треба да биде решено.

Јас не велам дека Владата не превзема или не работи во тој правец, меѓутоа треба и за наше информирање као пратеници кои гласаме вакви закони, каде што дирекно се одлеваат средства од Буџетот на Република Македонија, или од оние граѓани кои што не гласале треба да знаеме барем она што го планира Владата. Искрено

очекував дека министерот за финансии барем во тој дел нешто ќе кажеше за да и ние како пратеници знаеме штогласаме, а и граѓаните на Република Македонија, а особено вработените на Македонските железници знаат што ги очекува.

Не би требало барем не за нас пратениците некакви акциони планови кои се најавуваат помпезно, се чуваат во тајност на Владата, а барем пратениците овде да не ги знаат.

Инаку, кога сме кај овој закон, ова што јас го зборувам дека Република Македонија е таа што ќе го плати ова е јасно произлезено е и во членот 5 од Законот, каде е апсурдно јасно и кажува на кој начин Република Македонија би се обештетила. Значи во овој момент со блокирање на сметка и повлекување на средствата од Македонските железници во Буџетот на Република Македонија во една ваква финансиска состојба тоа е невозможно, значи мора да се знае јасна слика како долговите нема да се продуцираат понатаму. Со оглед дека Република Македонија ќе биде таа која ќе ги плаќа нормално треба брзо да го реши проблемот.

Затоа г-дине претседателе, почитувнаи пратеници јас очекував до денешната седница, таков беше и ставот на Матичната комисија да добиеме некаква писмена информација од Владата вооднос на акциониот план кој што го има за приватизацијата на Македонските железници, но до ден денеска тоа не сме го добиле. Се надевам дека присуството на минситерот на седницата нема да биде само присуство да се изгласа законот, меѓутоа мислам дека до колку е познат акциониот план, а верувам дека му е познат ќе даде некакво образложение во тој правец за да имаме повеќе информации и да знаеме каква ќе биде судбината на Македонските железници во иднина.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За реплика се јави г-динот Ангел Димитров.

АНГЕЛ ДИМИТРОВ:

Јас имам еден вид реплика на г-динот Караџовски иако и г-динот Коце Трајановски не избегнуваше од истата шема. Во суштина и двајцата дискутираа контрадикторно. Од една страна се зборуваше дека Македонските железници како ЈП долго време ствараат долгови, не работат продуктивно и дека тоа ќе биде се на товар на Буџетот, а од друга страна покажуваат грижа дали ќе има и понатаму штрајкови, дали ќе се напуштат 500 до 1000 вработени, што во суштина треба да признаат дека тоа едно со друго не иде. Значи, имаме превработеност,малку остварување на приход и огромни трошоци.

Јас сакам да кажам друго. Ако Македонија претендира да биде сериозна држава, сите за тоа се залагаме мора да ги почитува меѓународните спогодби и договори што ги опфаќа. Македонија не може да се однесува како бакалница па ајде ќе ја затвориме сега

оваа фирма, ќе отвориме нова фирма и ќе ги изиграме доверителите. Значи за јавно претпријатие Македонски железници државата Македонија мора да гарантира спрема ваквит епретприајтија од другите држава. Впрочем, Македонија и порано покажувала, и во ситуации каде што јавниот интерес бил многу помал од овој државата мора да гарантира исто такви претпријатија. Државата мораШе да ги превземе обврските од стратите девизни долгови, од бивша Југославија, државата мора да гарантира за Лавци, за Тат, за некои штедилници кои ниту беа јавни претпријатија ниту пак со државен капитал беа основани. Или да кажам уште еден пример. Државата превзема во процесот на приватизација  на Стопанска банка 130 милијони евра обврски кои пак ќе паднат како што велат колегите на товар на даночните обврзници, од кои 60 милиони евра само од претпријатието Македонија табак, кое ниту беше државно, ниту општествено, потоа се приватизираше Макеоднија табак 2000. Во овојслучај мислам дека нависитна чесно и поштено е Макеоднија да си ги преземе овие обврски, затоа јас ќе гласам за овој закон, бидејки тоа не е некоја форма која сега сме ја измислиле, или како што кажа г-динот Караџовски изнајдена форма, тоа е единствена возможна форма во овој момент и оправдана форма.

ЉУПЧО ЈОРАНОВСКИ:

За контра реплика се јави г-динот Жарко Караџовски.

ЖАРКО КАРАЏОВСКИ:

Господине Димитров, значи колку сме ние сериозна држава тоа е прашање кое треба да се дискутира подолго време и не би сакал сега за тоа да разговарам.

По однос на другото што го кажавте јасно е дека државата треба да стои  зад обврските на јавните претпријатија и да не се оставаат така нерасчистени тие проблеми, меѓутоа јасно е дека и државата треба да презема мерки, а не само да плаќа долгови.

Не случајно го покренав прашањето да слушнеме кои се тие мерки, кои се тие планови кои што се планираат во Македонските железници заради тоа што таа е таа грижа, не само јас, туку и сите работници од Македонските железници сакаат да ја слушнат. Вие се јавувате во улога на адвокат на министерот, јас мислев дека министерот требаше да каже барем за акциониот план два збора, ако ништо повеќе.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор г-динот Коце Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Бидејќи немам право да реплицирам еве сега накратко би кажал нешто како дискусија.

Кажавме дека е добро што државата сака да го одблокира јавното претпријатие Македонски железници спрема странските железници, за да може да функционира. Меѓутоа, кажуваме дека состојбата во Македонски железници е катастрофална и дека практично би требало да се внимава дали таа е способна и да ги враќа тие обврски од кредитот, како што е предвидено во договорот, или пак понатаму, со оглед на тоа што знаеме каква е, нема да може, значи факт е дека сепак Владата треба да реагира, а притоа ќе треба да се блокираат македонски железници. И она, процесот на трансформација што навистина предолго трае и вработените во Македонски железници практично се во агонија.

Сега она што го испуштив во првиот говор да го кажам, ќе кажам дека најголемите долгови се направени во 1997 - 1998 година. Знажи од 1998 до 2002 година се намалуваат долговите и платите редовно се исплаќаа. Од 15 септември 2002 година повторно доаѓа старо новото раководство кое се докажало во 1997 - 1998 година и повторно платите на вработените се проблем број 1 во тоа јавно претпријатие. Значи тука е дилемата, тука е нашата дилема како опозиција, дали сегашното раководство на Македонски железници е способно да може да ги враќа овие ануитети во договорот, или ќе биде дополнителна обврска за ова јавно претпријатие која навистина не може да ја исполни и практично ќе продолжи агонијата на вработените во Македонски железници. Тоа е таа дилема која ние ја поставивме овде и очекуваме да каже нешто предлагачот на законот, со оглед на тоа што Владата е таа што може да интервенира во оваа, да речам, деликатна ситуаицја за Македонски железници.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот.

Ги молам пратениците да влезат во салата бидејќи треба да пристапиме кон гласање на заклучокот.

Ги молам службите да го утврдат точниот број на пратениците во салата.

На Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за гаранција на Република Македонија на обврските од Договорот за регулирање на обврските на ЈП Македонски железници ЦО Скопје, кон одредени железнички претпријатија, склучена на 15 јули 2004 година помеѓу Јавното претпријатије Македонски железници ЦО Скопје и Меѓународното здртужение на железници УИЦ.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 64 пратеници, 60 за, 1 воздржан 3 против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се пртресе и предлогот на Законот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 55 пратеници, 55 за, нема воздржан нема против.

Во салата се присутни 64 пратеници.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на Законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 58 пратеници, 56 гласале за, нема воздржани, 2 против.

Во салата се присутни 63 пратеници.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за гаранција на Република Македонија на обврските од Договорот за регулирање на обврските на ЈП Македонски железници ЦО Скопје, кон одредени железнички претпријатија, склучена на 15 јули 2004 година помеѓу Јавното претпријатије Македонски железници ЦО Скопје и Меѓународното здртужение на железници УИЦ.

Минуваме на 15-тата точка на дневниот ред - Предлог на закон за Стопанска комора на Македонија.

Предлогот на законот, извештаите на Работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно-правната комисија поднесе амандмани на член 6 став 4, член 8 став 2, член 10 став 1 за додавање нова алинеја 6 по алинејата 5 и на ставовите 2, 3, 4 и 5, член 11 став 2, за бришење на алинеја 5 и на ставовите 4, 5 и 6, член 12 став 2, член 25, член 26 став 2, член 29 став 2, и на член 30 став 1, со кои се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Владата на Република Македонија поднесе амандмани на член 9 и за додавање нов став 2 на истиот член и на член 10 став 2 и тие се составен дел на текстот на предлогот на законот.

Комисијата за економски прашања поднесе амандман на член 2 став 3, со кој се согласил претставникот на Владата и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Аднан Јашари поднесе амандмани на член 3 за бришење на став 2 и на член 17 став 1, и за додавање нов став 2 по ставот 1, по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 3 за бришење на став 2 поднесен од пратеникот Аднан Јашари.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за економија.

Повелете г-диуне министре.

СТЕФЧЕ ЈАКИМОВСКИ:

Аманамднот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 17 став 1, и за додавање нов став 2 по ставот 1, поднесен од пратеникот Аднан Јашари.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за економија.

СТЕФЧЕ ЈАКИМОВСКИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

За збор се јави министерот за економија.

Повелете министре.

СТЕФЧЕ ЈАКИМОВСКИ:

Господине пртседателе, почитувани пратеници,

Пред вас е Предлогот на закон за стопанска комора на Македонија. Тој е закон што е во втора фаза и би сакал да ги истакнам основните измени и новини во овој закон што денес е пред Вас на усвојување во Собранието.

Разликата меѓу овој закон и она што беше во прва фаза се однесува на неколку основни точки.

Во првата фаза стоеше дека со Законот Стопанската комора е јавно правна. Ние сметаме дека Стопанската комора треба да биде приватно правна организација.

Понатаму, наместо задолжително членство во Стопанската комора, во овој закон е ставено тоа да биде незадолжителна односно доброволна зачленување и иступување од Стопанската комора.

Што се однесува до членарината и тоа е категорија која е незадолжителна.

И на крајот, она што е многу битно е што со овој закон ние не го укинуваме Законот од 2002 година, Законот за стопански комори, од едноставна причина што на теренот имаме сосема друга фактичка состојба во која се појавија и Сојузот на стопански комори. Имајќи предвид дека тие постојат само два месеци, сметавме дека треба да ја верифицираме и фактичката состојба што во моментот ја имаме на теренот и со тоа овозможуваме и тие комори да постојат, регистрирани според овој закон.

Главна причина и дилема што беше за носење на овој закон, претставува и укинување на членот 34 и 35, од Уставниот суд. Значи укинување на членовите 34 и 35 од претходниот закон, донесен во 2002 година, што се однесуваше на имотот. Практично со овој закон ние сега го разрешуваме и прашањето на имотот на Стопанската комора на Македонија.

Секако дека постојат одредени дилеми, дали два закони, дали еден закон, дали евентуално овој дел можеби требаше да се инкорпорира во постојниот закон од 2002 година со парче кое ќе се однесуваше на Стопанската комора на Македонија. Сепак, ние одлучивме, биедејќи имавме и закон во прва фаза, да одиме на постоење на два закони со што во еден ја уредуваме Стопанската комора на Македонија, а со другиот сите оние кои не сакаат да членуваат во Стопанската комора на Македонија имаат право да членуваат на други места, или да се организираат на друг соодветен начин. Со ова сметаме дека ќе се разреши оваа тригодишна агонија во која се наоѓа Стопанската комора на Република Македонија.

Сметаме дека со закон предвиден рок ќе се конституираат новите органи на управување на Стопанската комора и натаму да почне да работи во интерес на стопанството.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам, г-дине министре.

Збор има пратеникот Жарко Караџоски.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Почитуван претседателе, колеги пратеници,

Денес немаше да имаме потреба воопшто да го слушаме уводното излагање на министерот доколку тој како претставник на Владата, или пак Владата во целина ни го

доставеше овој предлог како што треба, а како треба, мислам дека занаат, но во секој случај, бидејќи не е така постапено, да му дадам една сугестија.

Кога доаѓа предлог на закон, во она образложение кое така исцрпно ни го напишала Владата за тоа колку е потребно да остане Стопанската комора на Република Македонија и кои се причини за тоа, треба да ни образложи дека тоа е сепак втора фаза, што значи дека имало прва претходна фаза односно предлог за донесување на закон, во фаза кога Собранието заедно со Комисиите го разгледувале овој закон. Сега некој ќе праша зошто мора. Мора затоа што сепак Собранието потрошило и време и пари за да го разгледа на комисии и да даде свои ставови и да видиме што од тоа предлагачот послушал или непослушал. Јас сега кога го читав предлог законот не разбрав кога воопшто е поминато првата фаза во Собранието на Република Македонија, што таму се кажало, што од тоа Владата прифатила, а што неприфатила. Значи кога е Предлог на закон, сметам дека за подобро запознавање, нужно е тоа а го имаме, како што тоа го прават другите министерства. Ние тоа тука го немаме и затоа јас се потрудив да побарам кога е тоа било и гледам дека има едно подолго време кога првата фаза поминала. Тоа и на комисиите се разгледуваше, па дури имаше и мислење на пратеници каде во повеќе дискусии се зборуваше дали тгреба да се оди во нацрт, бидејќи постојат одредени проблеми кои  останаа недоразјаснети. На пример во првата фаза, на забелешка на пратениците на комисиите, на пленарната седница на Собранието беше заклучено односно во мнозинство беше истакнато барање, доколку се донесе овој закон да се укине Законот од 2002 година, што значи или ќе имаме една комора која со овој закон ќе ја направиме и со тоа ќе заврши приказната, или ќе имаме повеќе комори, како што во 2002 година беше предвидено. Тогаш, тој став и на комисиите и на Собранието со заклучок беше доставен до Владата и Владата најде решение, во нејзин стил, ни по наше ни по Ваше, ќе остане и кон Стопанската комора на Република Македонија, но ќе остане и тој закон од 2002 година. И сега се јавува проблем. Се јавува проблем, дали едните субјекти во Стопанската комора се обврзувачки, дали се под доброволна основа и како тие таму се здружуваат. Мене ми е јасно, ако го читам Законот овде гледам дека здружувањето на субјектите и подоброволна основа, што е нешто различно од она првата. Меѓутоа, ако и овде е доброволно и во оние други комори доброволно, се поставува прашање каде е задолжително и дали воопшто има задолжително. Тогаш, ако е веќе се доброволно, ако имаме комори каде субјектите може да се здружуваат како тие ќе одлучат, со оние постапки што си ги имаат, тогаш зошто пак ни е потребна Стопанска комора на ист принцип. Тоа е едното прашање.

Второ, се поставува прашање, нели овој закон се предлага од министерот односно од Владата, со една крајна  и основна цел, да се зачува имотот, да не биде разграбан од некои други кои можеби ќе побараат право на наследство. Можеби и тука е и главната причина. Незнам, јас така мислам, можеби не е така. Меѓутоа, слушам и читам од прес конференции во другите стопански комори во Република Македонија кои кажуваат дека на овој начин само се монополизира Стопанската комора на Република Македонија, повторно, а некој овде зборуваше колку Република Македонија е сериозна држава. Ако пак е сериозна држава ќе имаме и сериозни закони кои треба да ги спроведуваме. Еден таков е да се забрани монополска положба на субјектите во Република Македонија.

Ако сега со овој закон повторно воведуваме монополска положба, значи колку сме сериозни, не треб да разговараме. Тоа е општо познато. Ако пак се оди кон тоа сепак да имаме монополска положба, треба јасно и гласно да кажеме што ќе се случи со оние други комори кои во меѓувреме никнаа во Република Македонија, на доброволна основа.

Понатаму, не е разграничено, а гледам дека и во комисиите имало забелешка, како резултатите од работењето на стопанските субјекти, фактички кој ќе ги анализира, во кој правец Стопанската комора на Република Македонија, или без разлика што е напишано овде во нејзините надлежности, ќе делува. Што ако се јавува дуализам, имаме субјекти и ваму, бидејќи доброволниот основ е и во едниот закон и во другиот закон. Што ако се јавува дуализам, ќе смета ли тоа, нема ли да смета и тн.

Има и едно друго решение каде се зборува дека Стопанската комора може да врши и дејност од јавен интерес, член 6 - Јавни овластувања и надзор. Значи, за вршење на јавни овластувања комората подготвува итн., може да врши јавни овластувања и за истите води евиденција. Сега, кои се тие јавни овластувања, немаме некој подетален коментар, нема некои објаснувања.

Значи, се на се, еве да не должам, мислам дека целите и мотивите на предлагачот не е ништо друго освен да се спаси судбината на Стопанската комора на Република Македонија, незнам од кои причини да се спаси тој имот да не го земе некој друг, да не оди Стопанската комора во ликвидација, иако повеќе години фактички не се знаеше што работи, затоа што не беше дефинирана во закон. Во секој случај задоцнето решение, во секој случај ако требало нешто да опстои, требало на време да се каже дека треба да остане, а не после две години од доаѓањето на коалицијата на власт, или можеби се чека од министерот Стевчо Јакимовски да го покрене ова прашање. Така што во секој случај мислам дека ќе има последици и мислам дека покрај оние позитивни ефекти кои што

овде ги слушнав од министерот, ќе се јавуваат и негативни последици кои што во секој случај ќе имаат и реперкусии врз стопанските субјекти.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор пратеникот Илија Китаноски.

ИЛИЈА КИТАНОСКИ:

Благодарам господине претседателе,

Почитувани колеги, господине министер, мислам дека Владата со овој закон наместо да ја намали и да ја прекине конфузијата што владее во коморското организирање на стопанските субјекти во Република Македонија, внесува дополнителна правна конфузија која што наместо да се расчисти, се продлабочува. Имено овој закон по сите правни норми и правила треба да го супституира законот за стопански комори донесен во 2002 година. Очигледно тоа не се прави, паралелно останува да функционираат. Меѓутоа, со овој закон за Стопанската комора на Република Македонија се враќа стариот модел на единствена комора Стопанска комора на Република Македонија, и се напушта начелото на слободно коморско организирање, односно слободно создавање на комори. Притоа, во законот воопшто не е јасно регулирано капиталното прашање, дали со овој закон се основа нова стопанска комора на Македонија, или само се продолжува работата на Стопанската комора на Република Македонија која престана со работа со денот на влегување во сила на Законот за стопански комори од 2002 година. Таа конфузија по ова капитално прашање најмаркантно е искажана во две одредби од законот.

Првата одредба гласи: Стопанската комора организирана согласно Законот за стопанска комора од 1990 година продолжува со работа како Стопанска комора на Македонија согласно со одредбите на новиот закон за Стопанската комора т.е. Законот кој денес треба да се донесе.

Втората одредба гласи: Стопанската комора на Македонија е должна да ја усогласи својата организација и работа со одредбите на новиот закон за стопанска комора во рок од шест месеци од денот на неговото влегување во сила.

Овде не е јасно врз одредбите на кој закон ќе функционира Стопанската комора на Македонија во текот на овој преоден период од 6 месеци. Имено, како што е познато Законот за стопанската комора донесен во 1990 година престана да важи со денот на донесување и со влегување во сила на Законот за стопански комори од 2002 година. Исто така, со денот на престанок на Законот за стопанската комора престана да важи и нејзиниот статут. Непостоењето на статут на секое правно лице, па според тоа и на Стопанската комора на Македонија е причина за поништување на правното лице. Оваа

правна конфузија не е расчистена во новиот закон за Стопанска комора на Македонија. И правната конфузија која што ќе владее и понатаму со третманот на стопанските комори создадени согласно одредбите на Законот за стопански комори од 2002 година. Останува правната дилема дали Законот за стопански комори престанува да важи со денот на влегување во сила на новиот закон за стопанска комора без оглед дали во новиот закон за стопанска комора ќе биде статутуирана извесна норма за престанок на важење на Законот за стопански комори или не? Овој факт е многу релевантен за положбата на стопанските комори создадени врз одредбите на овој закон. Во секој случај прашањето е од системски карактер и во првниот систем на Република Македонија ќе коегзистираат два антиподни системи на организација на коморите: системот на единствена комора и системот на множество комори. Се поставува прашање дали коморите што припаѓаат на различни системи на организирање можат да функционираат во хармонија паралелно и симултано. Тоа се моите дилеми.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор пратеникот Драго Шајноски.

ДРАГО ШАЈНОСКИ:

Со овој закон власта ни нуди еден метузалем во стопанска комора со намера да не воведе во Европската унија, ни нуди една стопанска комора која е длабоко навлезена во последниот стадиум од линијата на развојот на една организација. Зошто се прави ова? Дали власта, т.е. неколку блиски луѓе до неа имаат свои сметки и намери со формирањето на ваква приватна стопанска комора, дали е желбата на власта оваа стопанска комора навистина да му помогне на македонското стопанство или само да и се препише имотот. Ако намерите на власта се чесни, тогаш зошто се носи посебен закон за оваа стопанска комора кога веќе постои Закон за стопански комори. Зошто и оваа Стопанска комора не се стави во исти услови на формирање и работење како и другите приватни нови и најавени стопански комори. Зошто тие искусни луѓе таму во постоечката Стопанска комора ако знаат како треба да се работи успешно самоволно не формираат приватна стопанска комора и не плаќаат кирија во просториите каде што се наоѓаат сега? Зошто мора целиот имот да и се препише на оваа приватна стопанска комора кога тој имот го сработиле сите фирми од Македонија. Ако целта на власта е да се формира национална стопанска комора, тогаш одбрала погрешен пат. Административно формирање на национална стопанска комора т.е. комора доена од власта, веќе гледаме каде не доведе тоа. Стопанската комора се сведе на инструмент за политичка контрола на стопанските субјекти во земјава. Ова ме потсетува на раните години после осамостојувањето кога сите независни синдикати кои се појавија, а не беа под контрола

на власта се малтретираа до уништување и целиот имот и легитимитет му се предаде на ССМ кој за возврат еве веќе 15 години успешно го залажува работникот со жешки зими и ладни лета. Ако сакаме национална стопанска комора, тогаш власта треба да направи клима за брз и успешен развој на стопанските комори приватни по постоечкиот закон и подоцна да формира асоцијации од стопански комори на ниво на Република Македонија. Само така формирана комора ќе биде функционална и ќе знае што и се целите. Со еден збор ќе биде инструмент во рацете на основачите и ќе биде тоа се додека функционира во корист на фирмите. Кога таа организација ќе постане инертна, кога рутината во работењето ќе постане главен квалитет, кога шаблонизмот ќе постане главен извор за нови идеи, тогаш со сигурност се смета дека организацијата е во стадиум на предсмртност од старост. Тоа е првата фаза кон смрт од која нема враќање,системот со сигурност се распаѓа, само во прашање е времето. Можностите за повраќај во живот од овој стадиум се прокоцкани или преспани како што обично бидува со вакви бирократизирани организации. За разлика од ваквите стари организации кои што покажале на дело дека не се во состојба да се обновуваат, па затоа и умираат, новите организации кои што сега се формираат независно од власта знаат зошто се здружуваат и лесно се дефинираат  нивните цели и принципи на работа. Во така млади организации најчесто рутината како квалитет во работењето е непознат, а главен критериум за успех во работата е резултатот од неа. За да функционира организацијата позитивно со текот на времето т.е. да дава резултати барани од основачите потребно е нејзино непрекинато обновување, иновирање како во поглед на хардверот, така и во поглед на софтверот во смисла и на нови луѓе со  нови современи методи и стратегии, актуелни во времето на делување и предвидливи за идното време. Вашиот пристап на формирање на национална стопанска комора приватна, т.е. носење на овој закон е само можност волкот да го промени влакното, но навиките сигурно нема да ги промени, не затоа што свесно не сака, туку затоа што навистина неможе. Не може со закон да се направи функционална стопанска комора. Со закон можете само да создадете услови и плодна почва за нови современи успешни организации, но не и да формирате успешни оранизации со декрет. Затоа тврдам дека оваа Стопанска комора доена од власта ќе биде промашување по однос на нејзината функционалност, а погодок по однос на имотот што ќе и се препише. Со други зборови, кога ни треба бебе се смета на млада жена, а не на искусна баба која знае се за постанокот и раѓањето на бебето, но не е кадра таа да го роди. Така е и со власта во овој случај. Нас ни треба Стопанска комора што ќе даде плод, а не метузалем кој знае да објасни се како треба да се сработи за да се постигне успех, но не е во состојба тоа да го спроведе. Ова е препознатлив стил на работа на оваа Влада користен

веќе 50 години. Во името на влез на Македонија во западните демократии од 1990 до 1998 година се опљачка голем дел од имотот, во име на влез на Македонија во Европската унија и НАТО се подели Македонија. И сега во име на развојот на економијата во Македонија се формира стопанска комора а всушност се пљачка нејзиниот имот. Затоа предлагам законот да биде повлечен од процедура.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор пратеникот Аднан Јашари.

АДНАН ЈАШАРИ:

Ви благодарам господине претседател.

Сите знаеме дека веднаш по независноста на Република Македонија во 1990 година поради тежината и улогата што ја имаат стопанските комори во еден одреден систем влијанието на стопанските комори во насока на економскиот развој на една одредена држава е донесен законот за стопански комори со кој за прв пат се уредени прашањата во однос на функционирањето и организирањето на овие асоцијации. И покрај тоа во 2002 година како што се рече и од претходните колеги од ова Собрание се донесе еден закон, Законот за стопански комори со кој за прв пат се создаде можноста и во одредени законски услови во рамките на Република Македонија да може да се создадат не само една стопанска комора, туку неколку стопански комори. Додека се ова беше резултат на измените во стопанскиот систем, или трансформацијата, или појасно речено преминувањето од едно во друго стопанство. И како резултат на донесувањето на овој закон се создаде простор за функционирањето, или на слободната конкуренција во оваа област. Со овој закон исто така се направи една измена која би сакал да ја нагласам овде. Се направи една трансформација или премин од еден модел на организирање како што е европскиот или континенталниот модел во англосаксонски модел. Што сакам да кажам со ова? Со ова сакам да кажам дека третирано од споредбен карактер организирањето на стопанските комори може да се направи на два начина, на англосаксонскиот модел и таканаречениот европскиот, или континенталниот модел. Англосаксонскиот модел стопанските комори ги третира како приватни асоцијации, или како граѓански права каде членството не е задолжително. Додека според првиот модел, континенталниот модел, или европскиот модел стопанските комори се третираат како деловно јавни институции и членството според овој модел е задолжително. Додека англосаксонскиот е присутен во САД, Велика Британија, исто така е присутен во неколку европски држави како Финска, Шведска, Данска и тн., континенталниот модел е присутен во многу европски држави Германија, Франција, Италија и тн. Значи кај нас со донесувањето на Законот за стопанските комори се направи оваа трансформација, или

овој премин од еден во друг модел. Овој модел исто така, почитувани колеги е предвиден, или е присутен и во предлогот кој ни е понуден од предлагачот и токму поради ова предлагачот нема предвидено задолжително членство, или неопходно зачленување на субјектите, а што ќе имаат можност да се зачленуваат во стопанските комори. Но, и покрај тоа јас сум длабоко убеден дека предлагачот преку овој предлог закон и понатаму во согласност со пазарното стопанство, сака и во оваа област да има една конкуренција кое ќе биде добредојдено. Додека настојувањето, или целта на предлагачот е да се развива и стопанската комора со единствена цел да има можност да влијае во развојот, наредниот стопански развој на државата. Овие се за мене главните причини зошто јас лично ценам дека не само пратениците на парламентарната група на која јас и припаѓам, туку сите пратеници треба да го поддржат овој предлог закон.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Има збор пратеникот Зоран Крстевски.

ЗОРАН КРСТЕВСКИ:

Мојата дискусија се сведува на едно политичко укажување дека политичиот опортинуитет треба да максимум да биде присутен во овој момент кога ние дефакто немаме влада, со оглед на тоа што премиерот поднесе оставка и министрите се во оставка. Таа процедура ќе следи ли и незнаеме дали некои од сегашните министри ќе останат, дали ќе дојдат некои други и дали некои други концепти ќе бидат заговорени на таа влада кога се работи за некои од системските прашања како што е едно од важните прашања коморското организирање во Република Македонија. Мислам дека ќе беше доблестно да се повлече овој закон и да се појави на седница на Собранието, бидејќи во она време кога ќе биде избрана новата Влада, а од кого и како, ќе видиме понатаму. Тоа е едно.

Второ заради самата расправа што се отвори во јавноста и во стопанството и заради тоа што веќе постои конфликт на интереси, помеѓу таканаречената стара социјалистичка во континуитет стопанска комора и комората која се формира врз основа на иницијатива на повеќе помали и поголеми стопански субјекти и кои имаат амбиција да го развиваат коморското работење во Македонија.

Претходниот колега добро објасни дека има модели во светот како се организираат. Меѓутоа, ние по обичај наместо да се определиме врз основа на некое меѓународно искуство, ние секогаш се обидуваме преку некој хибрид, или заради некакви штитења на одредени интереси да не одиме во развој на системот. Да потсетиме дека постоењето на коморите е од исклучителна важност пред се за Владата кога се работи за втемелување на пазарната економија и посебно е важно за водењето на социјалниот

дијалог кога за партнер од другата страна го има и синдикатот. Ние сме сведоци дека на двете полиња во Република Македонија има очигледен застој и тоа не треба да не радува, туку да не загрижува. И затоа мислам дека на ова прашање требаше да се посвети поголемо внимание и поголема јавна и експертска дебата околу ова прашање.

Второ заради кое што треба да се повлече овој закон е заради тоа што ваков како што е предложен тој во старт ќе ги изгуби шансите да биде дел од меѓународната асоцијација на коморите, односно на организациите кои во Европа се подредени согласно хармонизираните закони во Европската унија. Така што и тука има простор уште да се доработи, да се направат такви услови да може веднаш таа асоцијација да пристапи во Меѓународната асоцијација.

Третиот мотив зошто треба да се повлече што овој закон се носи повеќе како закон лекс-специјалис за да се зачува постоечката Комора, создава некој дуализам со постоечкиот закон за комори, не е прецизен, земете го само членот 1 кој дефакто не укажува на тоа колкав процент или колкав степен на обединување треба да има во коморското организирање на стопанските субјекти, па за да се пренесе некој легитимитет на таа Комора. Овој закон повеќе личи на статут на таа Комора и мислам дека дури и во тој поглед има слабости за кои не би требало да расправаме поготово што внатрешната организација на Комората треба да произлезе од интересите на членките на Комората. Не го решава прашањето на финансирање што е дозволено што е забрането. Досега постоеше една инертност и автоматизам во наплаќањето на чланарината, додека постоеше Заводот за платен промет функционираше затоа што практично со сила им се одземаа средства на фирмите. Значи, се на се постојат проблеми. Јас се согласувам дека треба да постои во Законот за комори и преодни одредби кои ќе го дефинираат она што сега дел од колегите го спомнаа што со постоечката Комора, што со имотот итн, бидејќи, сепак, мора да потврдиме дека и таа Комора со степенот на кој е изградена материјално, финансиски претставува значаен, државен сегмент кој сега сакаме да го трансформираме во приватен и мора да имаме еден транспарентен начин како тоа го правиме за да после тоа не се влечат репери, опашки околу тоа кој кому што му обезбедил преку одлуките на власта. Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Збор има г-динот Љубисав Иванов - Ѕинго.

Повелете.

ЉУБИСАВ ИВАНОВ-ЅИНГО

Г-ѓо потпретседателке благодарам што ми дадовте збор.

Има една поговорка “многу е лесно нешто да уништиш, разрушиш, а многу е тешко нешто да се направи”.

За уништување треба многу малку време, а за правење многу повеќе време и многу повеќе пари.

Ние за овие 14 години бевме мајстори за рушење. Рушевме фабрики, рушевме комплетна економија, рушевме институции и претрпевме страотен крах. Дојдовме на дното на провалијата . Тоа е се како резултат на една необмислена политика, на ад хок решенија, висока партизација, лични интереси и понекогаш најчесто од субјективни причини.

Еве, ние имаме една институција за која сега зборуваме постара од 80 години. Институција која е формирана во еден сосема друг систем, да речам во раниот капитализам и која практично го доживеа најголемиот развој во еден систем на т.н. самоуправен социјализам во кој одигра исключително висока улога во страотно динамичниот развој на Македонската економија. Таа не го градеше општествено-политичкиот систем, таа го градеше економскиот систем во Македонија. Тоа беше место каде се собираа стопанствениците оние од индустријата, па делови од индустријата, текстилна индустрија посебно обоена и црна металургија, другите делови на индустријата, земјоделието, рударството, туризмот, угостителството итн.

Таму стопанствениците ја градеа својата стратегија, а исто така укажуваа на големиот број проблеми со кои општеството се сретнува. На тие состаноци воглавно секогаш биле присутни владини претставници. Најчесто бил присутен претседателот на Извршниот совет , на Собранието, на Претседателството, министри итн. Како резултат на една заедничка политика значи стопанството и политиката ја изградивме Македонија. Ја изградивме за некаде 45 години, требаше многу пари,  многу напори, многу труд, многу инвентивност, многу знаење, а тоа го срушивме, еве како што гледате, за 10-12 години. Во целата таа работа Комората одиграла историска улога. Комората се бавела воглавно и исклучиво, затоа што сум учесник во тие настани и собитија со економскиот развој на државата.

Ние мислиме дека се што има некој привезок на социјализмот дека се треба да уништиме, дека се треба да приватизираме, се треба да се опљачка, да се уништи, што е голема грешка. Ние не знаеме, како што тоа знаат словенците да го направат од тоа што имаме, а имаме, во таа Комора прво имаме многу квалификувани луѓе, во таа Комора имаме извонредна техника, информативни центри, таа Комора е членка на Европската комора и на светските комори. Таа Комора има билатерални договори и какви не за соработка со преку 100-тина комори. Преку таа Комора македонската економија е

препознатлива во светот. Сега, еве едно помодарство се да се приватизира и на пазарот да се создаде конкуренција. Јас разбирам таму каде е производството, меѓутоа, нека се создава и овде.

Донесовме еден закон - тенденциозен, практично за ликвидација на оваа Комора во едно друго време. Тој Закон ги покажа сите свои недостатоци. Тој Закон беше во однос на оваа Комора дел од тоа Уставниот суд го поништи затоа што брзоплето донесовме одлука. Сега ќе беше најдобро да имавме закон за национална стопанска комора ..

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Јас се извинувам г-дине Иванов што ве прекинувам, меѓутоа бидејќи часот премина 13,00 часот, па дали сте на крајот , во завршна фаза ..

ЉУБИСАВ ИВАНОВ-ЅИНГО:

На крајот сум.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Тогаш ќе имаме трпение.

ЉУБИСАВ ИВАНОВ-ЅИНГО:

Ви благодарам.

Значи, сега се создадени услови да речам услови на натпревар , пазарни услови, па да видиме , да оставиме оваа Комора која е формирана на некој начин каков таков со неколку стотици субјекти и оваа Комора во која има десетина илјади субјекти да ги оставиме сега на пазарот да се борат тие две комори под исти услови и да видиме која Комора ќе даде најголеми ефекти и резултати таа Комора, идната и оваа некоја идна власт да и даде можност да го врши јавниот карактер.

Зошто ние сега се плашиме да формираме нешто што е пазарно, што треба да создадеме натпревар на пазарот. Овде на пазарот не се укинува таа Комора која ја формирале некои субјекти, нека си постои таа Комора, нека се бори за своето место и ќе видиме како ќе се бори. Јас се сомневам во тоа, но да не укинуваме нешто што го имаме.

Спрема тоа, јас ќе гласам за овој закон, ќе го поддржам и сметам дека тој понатаму и времето ќе покаже во кој правец ќе се доградува.

Благодарам, бидејќи времето истекува за одмор.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам г-дине Иванов тука ја прекинувам седницата, давам пауза, а во 14,00 часот продолжуваме.

(По паузата седницата продолжи во 14,05 часот).

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Вејсели, а потоа нека се подготви пратеничката Марија Којзеклиска.

АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:

Денес на дневен ред имаме еден Предлог-закон кој можам да кажам дека е многу значаен, посебно за правните субјекти кои се занимаваат со стопанска дејност. Значи се става крај на еден хаос кој се случи во 2002 година поради фактот што Уставниот суд укина два члена, како членовите 34 и 35 и беше потребно да се предложи еден Предлог-закон кој ќе ги уредува односите во оваа област, односно во областа на Стопанската комора. Се што е предвидено во законот, кога се зборува од професионален аспект и од аспект на тоа и ова прашање да влезе во законски рамки, многу нешта се вред. Меѓутоа, имајќи предвид дека оваа Стопанска комора, која има национален карактер, која сега со овој закон се приватизира, јас мислам дека предлагачот има направено пропусти во самиот Предлог-закон.

Прво, знаеме дека оваа Стопанска комора постои од 1945 година во поранешната СФРЈ и опстоила десет и повеќе години од независноста на Република Македонија, тоа е Стопанска комора која ги заштитува интересите на неколку субјекти, дури издвоени на етничка основа, значи поделени на етничка основа. Преку оваа Стопанска комора се согледале интересите на властите и интересите на неколку субјекти, кои можат да се набројат на прсти и затоа јас ги наведов овие илустрации сеамо за да не се случи една таква појава и во иднина, бидејќи овој закон не уредува ништо друго освен што ја става во законска рамка постојната Стопанска комора на Македонија, за која имавме дебата во 2002 година. Сега треба да егзистира една стопанска комора која ќе ги промовира и заштитува интересите на правните субјекти кои се занимаваат со стопанска дејност. Иако се донесе закон во 2002 година, кога се даде право да се основаат повеќе стопански комори, главно и приоритетно прашање за сите нас е каде ќе оди капиталот на Стопанската комора, која е основана со Законот од 1990 година. Сета битка е за капиталот кој се наоѓа во рацете на Стопанската комора, капитал кој го имаат основано, капитал кој го имаат изградено сите граѓани на Република Македонија, без оглед на нивната етничка припадност. Денес слободно можеме да кажеме, ова е нешто транспарентно и познато на македонската јавност, колку немакедонци се во Стопанската комора на Република Македонија. Затоа на почетокот нагласив дека законот за кој говориме ќе ги заштитува, и така е конципиран, да ги промовира и заштитува интересите на правните субјекти кои се занимаваат со стопанска дејност. Но овој закон воопшто не ги заштитува интересите на стопанските субјекти, без оглед на тоа на кого припаѓаат овие

стопански субјекти. Доколку приоритет на овој закон е да ја внесе во законски рамки Стопанската комора која постои, јас го поставувам следното прашање: каква ќе биде пропорционалната застапеност и како ќе се остварува соодветната и правична застапеност на немакедонците во оваа Стопанска комора, бидејќи и постојната администрација на Стопанската комора во суштина останува иста каква што била до денешен ден. Тоа значи дека оваа Стопанска комора сега се приватизира, пазарната економија не познава етнички поделби или не познава етнички основи. Доколку беше нова Стопанска комора, која ќе се основаше согласно Законот од 2002 година, никој немаше да има против, но стартот на оваа Стопанска комора е поповолен во однос на другите комири кои ќе се основаат според Законот од 2002 година бидејќи има капитал и другите кои ќе основаат комори не можат да бидат раноправни со оваа Стопанска комора. Овој капитал го создадоа сите граѓани на Република Македонија. Некој ќе каже дека ова е лесна работа, ние ќе ја оствариме оваа работа бидејќи имаме политички договор. До каде и до кога ќе ги оставаме работите на политичка волја, до кога овие прашања нема да се санкционираат со закон. Доколку оваа Стопанска комора остане ваква, во иднина ќе имаме проблеми, каде ќе се бранат интересите само на неколку субјекти, а другите ќе бидат незаштитени, бидејќи немаат свои застапници во оваа Стпанска комора, верувајте ми повторно ќе одиме во нови кризи кои ќе ја продлабочат поделбата и нема да имаме согласност меѓу етникумите кои живеат во Република Македонија. Сега за сега би сакал некој да ми наброи барем тројца албанци во оваа Стопанска комора, но сигурно такви нема, не само во раководните органи туку и во администрацијата на самата Стопанска комора. Имајќи предвид дека капиталот сме го создале сите заедно и сите заедно сме дале придонес тој капитал да го создадеме, мислам дека тој капитал треба да го вкусат сите. Би било многу значајно овде да се има предвид соодветната и правична застапеност на сите други кои живеат во Република Македонија, албанците и др., бидејќи доколку се донесе овој закон вака, верувајте ми дека ќе имаме проблеми со самото раководство и самите органи кои ќе се основаат во рамките на Стопанската комора. Ќе имаме проблеми и во администрацијата, во Управата, а некој тогаш ќе каже има слободна приватна иницијатива и ако не сакате да се зачлените, правните субјекти кои се занимаваат со стопанска дејност доколку не сакаат да се зачленат во Стопанската комора која денес постои и која денес влегува и во законски рамки, тогаш нека се зачленат во други стопански комори, дури во приватни иницијативи, никој не се меша во тие иницијативи и дека ќе бидат чисти етнички македонски или албански. Јас реков дека треба да ги елиминираме другите, бидејќи сите други кои ќе се основаат од сега натаму нема да бидат рамноправни со оваа Стопанска

комора, бидејќи оваа Стопанска комора работела со години во Република Македонија и слободно можам да кажам дека работела 45 години плус 10 години после независноста на Република Македонија. Оваа Стопанска комора има стручни лица, а нема ниту еден албанец меѓу нив, овде има средства и совршена техника, има седиште и канцеларии, има средства на жиро сметката и многу контакти со други европски и светски стопански комори. Доколку не сме застапени и во оваа Стопанска комора, од овој аспект нема да можеме да бидеме рамноправни така како што не сме можеле да бидеме рамноправни. Само за илустрација ќе ви дадам еден пример. Во приватизацијата на државниот капитал сите знаеме дека се вршеше приватизација од страна на вработените во разни претпријатија. Сега кое претпријатие го раководеа албанците од 1945 до 90-тите години или од 1991 до 2004 година, кога до 1990 година воопшто не сме имале вработувања бидејќи сме биле дискриминирани од еден поранешен систем, но и од 1990 година наваму луѓето кои беа пред 1990 година останаа и во независна Македонија на чело на тие претпријатија кои ги приватизираа, а албанците останаа надвор од овие претпријатија. Затоа се плашам да не останат и надвор од оваа Стопанска комора за која има можности, а сите ние сме овде за да понудиме или да ја условиме Стопанската комора застапеноста да биде правична и рамноправна, значи покрај македонците во органите на Стопанската комора и во администрацијата на Стопанската комора да учествуваат и албанците и другите според вкупниот број на населението кое живее во Република Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Вејсели.

Повелете госпоѓо Којзеклиска, а потоа нека се подготви господинот Спиро Мавровски.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Очигледно е дека Предлог-законот за Стопанска комора на Република Македонија предизвика голем интерес кај пратениците, со оглед на дискусиите кои ги имавме претходно. Можеби сите укажувања или дилеми кои се јавуваат кај пратениците и министерот за економија, покрај воведното излагање што го даде по Предлог-законот, можеби ќе има и определени дообјаснувања, но како и да е сакам само да наведам определни делови од Предлог-законот за стопанска комора или она што е систематизирано во овој Предлог-закон што предизвика внимание како во расправата во Парламентот така и меѓу самите субјекти на кои се однесува. Овој Предлог-закон е систематизиран во неколку глави: основни одредби, органи на Комората, облици на организирање, работење и други форми на организирање, статут на Комората, постојан

избран суд, арбитража при Комората, суд на честа при Комората, средства за работа на Комората, стручна служба на Комората и преодни и завршни одредби.

Во овој закон, колку што можев да видам и да споредам со Законот за стопански комори, кој беше повеќе пати споменат во расправата, објавен во “Службен весник” број 54 од 2002 година има одредби кои буквално се препишани од тој закон во овој Предлог-закон за стопанска комора. И самиот министер во неговото образложение укажуваше дека постоеле дилеми дали овој закон  да биде како дел на Законот за стопански комори од 2002 година, меѓутоа, по определени укажувања, министерот не кажа чии укажувања или анализи, сепак се решиле да одат со посебен Предлог-закон за стопанска комора.

Искрено да ви кажам, од овој закон не можам да видам или од искуството кое до сега го имаме со досегашната 45-годишна работа на Стопанската комора, што е всушност целта и каква функција врши Стопанската комора во целокупниот систем на економско живеење во Република Македонија. Барем последните 14 години од осамостојувањето на Република Македонија  јас не видов, немав пример каде Стопанската комора успеала да направи нешто кое ќе биде во интерес на правните субјекти на Република Македонија. Можеби грешам, меѓутоа од она што го има до сега слушнато и видено, искрено да ви кажам Стопанската комора во оваа фаза или во овој облик, во оваа форма како што егзистира дали воопшто нешто направи за тие 13.287 субјекти кои се членови на постојната Стопанска комора.

Ние сакаме со овој закон за стопанска комора само со еден единствен член, тоа е членот 28 и членот 29, значи во Преодните и завршните одредби, Стопанската комора организирана согласно Законот за стопанска комора од 1990 година да го трансформираме во стопанска комора согласно овој закон кој го предлагаме или во членто 29, во ставот 1: со денот на влегувањето во сила на овој закон врз Стопанската комора на Македонија, организирана согласно овој закон буквално се пренесува целокупниот имот кој го има Стопанската комора организирана или основана со Законот од 1990 година.

Она што можеме да дознаеме од теоријата како пратеници или луѓе кои учествуваат во економскиот живот, целта на стопанските комори е да ги заштитуваат интересите на правните субјекти. Меѓутоа, овој Предлог-закон како што е предложен од страна на Министерството за економија мене не ми личи на продолжување, а и не сакам да биде продолжување на традицијата на оваа Стопанска комора која ја имавме до сега. Таму очигледно фази инвентивност, екипираност, осовременување, многу нешто фали во постојната Стопанска комора. А овој Предлог-закон мое убедување е дека е настанат само како резултат, тоа го велат и во Министеството за економија кога ги образложуваат

причините, односно кога даваат оценка на целите кои треба да се постигнат со овој закон, во образложението на законот се вели: со укинувањето на членовите 34 и 35 од Законот за стопански комори од 2002 година, при ваква состојба, неминовно се наметна потреба од донесување на нов закон за Стопанска комора на Македонија и Министерството смета дека со овој закон на јасен начин се регулираат односите во коморското здружување и се надминува досегашната состојба во оваа област. Сега сме 2004 година и навистина не знам што ја спречувало Стопанската комора, онаа која сега егзистира, да се реорганизира согласно Законот за стопанските комори кој бил донесен 2002 година. Меѓутоа, мислам односно сигурна сум дека основната причина за овој закон се токму членовите 34 и 35, па во интерес на самата дискусија во однос на Предлогот на законот ќе ги прочитам и членот 34 и членот 35.

“Владата на Република Македонија во рок од 30 дена по влегувањето во сила на овој закон ќе формира комисија која ќе го утврди вкупниот имот со кој располага Стопанската комора на Македонија.

Притоа, комисијата ќе ја утврди одделно вредноста и висината на државниот имот со кој располага Стопанската комора, како и вредноста и висината на останатиот имот со кој располага Стопанската комора на Македонија.

Имотот за кој ќе се утврди дека е во сопственост на Стопанската комора на Макеоднија ќе се пренесе на новооснованите комори, а останатиот имот останува во сопственост на Република Македонија”.

Став 4: “сразмерно на пренесениот имот од ставот 2 на овој член новооснованата комора презема делод вработените од Стопанската комора на Македонија”.

Членот 35: “коморите кои ќе се конституираат во рок од 3 месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон ќе учествуваат во распределбата на имотот според членот 34 став 2 на овој закон. До конституирањето на коморите од ставот 1, Стопанската комора на Македонија продолжува да работи”. Овие два члена Уставниот суд по нечија иницијатива гиукинал и сега според инистерството за економија останал правен вакум, Стопанската комора на Македонија не знаела каде да се најде дали во Законот за стопански комори или требала да остане и натаму да егзистира идојдено е до решение, како штокажаа некои од колегите, хибридно решение, така што во овој момент имаме и Закон за Стопански комори  и Закон за Стопанска комора. Искрено да ви кажам мене ова ми личи на вицот лудиот и збунетиот, каде ќе се најдат правните субјекти,  јас навистина не знам. Значи, основната причина, сепак е капиталот, кој го има Стопанската комора на Македонија.

Дали некој ја знае вредноста и висината на капиталот, можам само да кажам дека на една од ПРЕС конференциите беше објавено дека Буџетот на Стопанската комора по основ на членарини и останати приходи има 1,2 милијони евра, значи како Буџет, без да се утврди имотот недвижниот или подвижнио тимот кој го има Стопанската комора на Македонија.

Новина што постои во овој закон и јавните овластувања кои се даваат со членот 6, колегата Караџовски го објаснуваше тоа, значи Комората може да врши јавниовластувања утврдени со закон или со акт на надлежен државен орган и за истите води евиденција, а надзорот врз вршењето на овие јавни овластувања го спроведува министерството надлежно според дејнсота. Значи, ние сакаме сега да ја приватизираме и да направиме приватна Стопанската комора со имот кој го имала постојната Стопанската комора и го стекнувала од граѓаните како што рече колегата Вејсели, од граѓаните на Република Македонија, а од друга страна на истата таа Комора ние и даваме јавни овластувања без прецизно да се наведе кои видови на јавни овластувања би можеле да се најдат во делокругот на работењето на самата Стопанска комора. Она што гокажав дека има препишување на одредбите или користење на одредбите од Законот за стопански комори е и новиот постојан избран суд или арбитража при Комората, судот на честа си постои, меѓутоа, мое лично убедување е колку и да се сака да се прикаже со овој Предлог на закон дека ние ќе ја подобриме конкуренцијата, како што некој претходноод колегите кажа, дека можеби тоа било мотивот на Министерството за економија и на министерот да го предложи законот вака како што го предложил, меѓутоа, конкуренција на што? Конкуренција на правните субјекти кои ќе сакаат да се зачленат во една од стопанските комори кои се формирани, согласно Законот за Стопански комори и со новоформираната Стопанската комора со старо име, но конкуренцијата мене тука не ми иде во памет ако се знае дека целокупниот имот, значи од старата Стопанската комора на Македонија се префрла на новата Стопанска комора, секако дека оваа Стопанска комора ќе има малку чекор предност пред стопанските комори кои беа формирани согласно Законот за стопански комори од 2002 година. Која е намерата и целта, затоа што цел во Предлогот не постои, иако како наслов постои, цели кои сакаат да се псотигнат со овој закон, која е целта? Ако е добронамерна и ако навистина сака предлагачот на законот да постигне она што треба да биде приоритет на Стопанска комора на Македонија да се штитат интересите на правните субјекти, тогаш и би можела да прифатам. Меѓутоа, од се она што претходно е кажано, за мене, во претходните 27 члена е анулирано со членот 28 и 29, оние што се суштински членови.

Ние бевме сведоци на многу презентации на наши фирми, колку што се сеќавате, на странски саеми или на определени други манифестации, јас не се сеќавам некаде да имаше позитивен ефект или да помине некоја манифестација без скандал или без пропусти во организацијата, а основната цел на Комората и презентацијата на правните субјекти, сепак, треба да биде нејзина надлежност. Делокругот на работа на оваа Стопанска комора е искажан во членот 5 каде што се вели дека “со цел за унапредување на пазарното стопанство, претприемништвото и поттикнување на конкуренцијата, Комората ја насочува својата работа кон неколку делови”. Меѓутоа, мене ми е вака симптоматично искажување, значи, делокруг на работа на оваа Стопанска комора, “искажување на интересите на членовите на Комората пред надлежните државни органи и институции”. Од такво искажување и кажување и давање ветување да викажам искрено мене ми е преку глава, па не на правните субјекти, така што како оваа Стопанска комора е замислено дека ќе функционира, навистина, незнам. Се што е кажано ми е симптоматично и има знак прашалник, посебно од делокругот на работа е толку општо, толку е бирократски. Кое давање на стручна помош на членовите на Комората во развојот на оделни дејности, усвојување на современи технологии, нешто што го имало, а не профункционирало, зошто ние пак да го ставаме во Законот за Стопанска комора. Незнам дали минситерот знае, но јас не знам, си признавам дека незнам. Но незнам дали министерот знае. Ако знае нема да биде лошо да ни објасни, затоа што имаше претходни 10 дискутанти или 8, не ме држете за збор, знам колку е прецизен претседателот, па ќе ме корегира, кои искажуваат дилеми токму во целокупната работа или она што сакал законодавецот, која била интенцијата на законодавецот, за да го донесе овој закон за Стопанска комора. Јас искрено не можам да разберам. Ќе повторам, значи, мене ми личи ова на вицот за лудиот и збунетиот. Министерот, знаеме дек аима афинитети да се смее на вицовите, па еве ќе му дадам можност нека објасни, нека ни каже што сакал со овој Предлог закон за Стопански комори, всушност да ни каже.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам госпоѓо Којзеклиска.

Но, веќе кога веќе три пати го спомнавте вицот, можевте и да го кажете, оти јас не го знам.

Повелете г-дине Мавровски, а потоа нека се припреми пратеникот Коце Трајановски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Благодарам господине претседателе,

Јас моите кажувања и размислувања за овој  Предлог на закон за Стопанската комора, ги искажав на Комисијата за економија и мислам дека поголем дел од пратениците без разлика дали се од позиција или опозиција, останавме со една дилема. Дилемата и покрај тоа што министерот се обиде да ја разреши, мислам дека сеуште лебди и сеуште не добивме оној прав одговор и покрај тоа што добивме ветување дека на самата седница или  пред неа ќе добиеме некое објаснвуање, што значи овој паралелен систем на две комори, како тоа би функционирао. Во таа Комисија има и правници, тие останаа во дилема од правниот аспект на овој закон кој што го предлага министерот, и основното прашање дали овие два закони меѓу себе се комактибилни или се во колизија. Јас мислам дека повеќе се во колизија отколку да се компактибилни, затоа што најдовме некој начин кој што не функционира нигде во Европа, но функционира кај нас.  Зошто е тоа така? Јас мислам дека многу е опасно со самиот закон, со ова што сега ние ќе го донесеме како пратеници, да не дојдеме во ситуација во Република Македонија да постојат надредени и подредени комори. Значи сите овие субјекти, стопански субјекти кои што се врзуваат во коморско работење, мислам дека треба да ги донесеме во рамноправна положба, ако тоа е целта на законот, но понатаму ќе видиме дека законот со одредени членови покажува дека едноставно е барање на решение за постоечката Стопанската комора, како понатаму да ја продолжи својата работа. Зошто го говорам ова. Во одредени членови од законот, мислам да ги прочитам, од кои што дирекно ќе се види што е целта на законот. Значи во членот 3 Комората за своите обврски одговара со целиот свој имот. И во членот 29 и членот 30 кои што се клучни во овој закон се говори, еве цитирам " со денот на влегувањето во сила на овој закон, врз Стопанската комора на Македонија, основана согласно одредбите на овој закон преминуваат, имотот, сретствата, правата и обврските на Стопанската комора на Македонија, организирана според Законот за Стопанската комора на Македонија Службен весник на Република Македонија од 1990 година". Со денот на влегувањето во сила на овој на овој закон, работниот однос на вработените во Стручната служба на Стопанската комора на Македонија се трансформира во работен однос во Стручна служба на Стопанската комора на Македонија основана согласно одредбите на овој закон. Членот 30 "правните и физичките лица" кои биле членови на Стопанската комора на Македонија пред влегувањето во сила на овој закон остануваат членови на Комората, организирано согласно овој закон, ако во рок од 30 дена од денот на неговото влегување во сила не ја известат Комората дека истапуваат од членството во неја. Во рок од 30 дена по истекот на рокот од ставот 1 на овој член, мора да биде свикано Собрание на Комората". Овие се клучните два члена со кои што се гледа дека се бара решение за Стопанската комора

постојната, како што се бараше исто решение за Агенцијата за вработување, Агенцијата за приватизацијата, каде што сите членови се бараат некои нови институции во кои што тие комплетно преминуваат како работен однос, за разлика од голем дел од вработените во Република Македонија кои останаа без работа, притоа што нивните фирми се затворени, а тие се дел од овие стопански субјекти кои претставуваат и учествуваат дирекно во работењето на Стопанската комора на Република Македонија.

Тука се постави и едно хипотетичко прашање, што би се случило, бидејќи информацијата од министерот беше дека најмалку 51% од членовите, од оние што сега членвуаат во Стопанската комора, треба и понатаму да се членови и доколку тој процент е помал или 51% истапат од тоа членство Стопанската комора не ќе може да се формира на ваков начин и со овој закон што ние сега се убедуваме да го донесеме, во тој случај имотот ќе се распредели по некој друг закон кој што ќе треба Министерството за економија и Министерството за финансии да го однесат. Значи, таа информација, тој аспект апсолутно никаде не е разгледуван.

Второ, се поставуваат две прашања од членот 30 каде што се говори дека во рок од 30 дена по истекот на рокот, мора да биде свикано Собрание на Комората. Се поставуваат основни прашања. Не е дефинирано кој ќе ги свика членовите кои што како субјекти се огромен број, тоа го кажавме и тоа Собрание со 13 илјади членови колку што ги има сега ќе биде огромно, кој како ќе ги свика и кој колку од луѓето ќер азберат и од правните стопански субјекти треба да се пријават, а ако не остануваат или не остануваат во Комората, многу од членките и субјектите кои членуваат во оваа Стопанската комора едноставно не се откажуваат од членството во Комората, притоа се членови на новите комори кои што се формирани, тргнувајќи од она дека имотот кој што моментално го располага Стопанската комора дека е остварен со работењето на сите овие стопански субјекти и дека дел од нив чувствуваат право на тој имот. Значи, имотот на ваков начин едноставно само се префрла на оваа Комора, пошто ние ќе ја формираме на овој начин. Зошто велам не е едноставно фаворизирање на одредена комора во однос на останатите, ние можеме да кажуваме сега многу правни работи кои што сакаме еве на некој начин да ја задржиме таа комора, дека таа е формирана пред многу години, но јас ќе ви кажам дека во времето на транзицијата во овие 14 години, мислам дека стопанските субјекти апсолутно се незадоволни од нејзиното работење и од нејзината презентација. Ние многу често се вадиме дека во текот на таа бивша Југославија нашето стопанство беше свртено кон пазарите на СЕФ, кон Југославија, но заборавме дека од тогаш поминале веќе 14 години. Оние за кои што говоревме Источна Европа веќе стана Европска Унија и веќе се членки на Европската Унија, а ние сеуште бараме пазари.

Незнам колкаво стопанство имаме, колкави производи имаме за да не можеме да најдеме пазари, мислам дека апсолутно веќе немаме ни производ кој ќе го пласираме некаде и тука е основниот проблем на Стопанската комора. Освен некои заседавања, некои трибини или незнам лошоорганизирани манифестации и презентации на одредени стопански субјекти, апсолутно ништо не е добро направено и покрај тоа што говориме дека имаме билатерални спогодби и незнам уште какви спогодби кои што се од формално правен карактер кои што нема да донесат многу во напредокот на она што значи развој на се она што значеше развој на Комората. Вие и самите знаете дека Комората во прво време беше гранска, после тоа се организира регионално, но и како регионално организирани комори, мислам дека не покажаа некој посебен успех и дека еве на овој начин вие кажувате дека се постигнува потполна либерализација. Но, во секој случај во нерамноправна положба, што значине е истата ситуација со сите субјекти и со сите оние комори кои што ќе се формираат. Во овој закон се предвидуваат формирање на здруженија кои што ќе се занимаваат со пооделни активности во однос на стопанските гранки кои што ќе треба да ги застапуваат, но верувајте ми сето тоа е многу малку во однос на она што треба самите стопански субјекти да го најдат својот интерес и да се претстават и да се презентираат и во Републиката, а и надвор од неја. Мислам дека почетното здружување ако имаше некоја поголема подршка, а тоа за жал не се случи, зошто е тоа така еве 3 години ниту Стопанската комора, ниту пак се дава можност на овие нови субјекти да почната да ја работат работата онака како што треба да ја сработат, како што е секаде во светот. Ние наоѓаме еден начин и кажуваме дека се сите рамноправни, но едните со имот и со задолженија и со правно заштитени активности, една од нив која што сигурно ќе носи голема добивка, тоа е што му го дава Министерството и Владата на Република Македонија со членот 6, јавни овластувања и надзор. Комората може да врши јавни овластувања утврдени со закон или со акт на надлежен државен орган и за истите води евиденција. Надзорот врз вршењето на јваните овластувања го спроведува министерството надлежно според дејноста. За вршењето на јавните овластувања Комората поднесува годишен извештај до Владата на Република Македонија , Комората издава и заверува уверенија, потврди и други исправи и факти за кои Комората води евиденција, кои нејзините членови ги користат во своето работење. Значи, се ова е дел од она што за другите коморине важи, важи за оваа Стопанската комора и овие се извори на средства кои што се презентирани во самиот закон и врз основа на коишто тие ќе функционираат. Мислам дека сето ова ги носи стопанските субјекти во една нереална и необјективна ситуација.

Кажував дека ќе добиеме надредени и подредени комори. Надредената комора е оваа Стопанска комора која што на секој начин и по сите правила и надвор од нив се обидуваме да ја задржиме и другата е онаа што треба допрва, да луѓето кои што сакаат да работаат да се здружат и едноставно интересот да го најдат самите за себе и да се презентираат и да ја работаат работата како што треба. Во делокругот за работата јас само би потсетил две работи како е пишуван и овој закон, како паушални оценки се даваат на пример во стапката 6, стои: “застапување на интересите на членовите на комората по прашањата од економско-социјален карактер” за кое што дирктно е заложен синдикатот а не комората, и став 8- организирање и поттикнување на соодветни облици за перманентно функционално образование и иновација на знаењата на раководните кадри како и на други стручни кадри.

Сето ова вака напишано изгледа многу добро ,но сем декларативност во сето ова апсолутно ништо нема за реализација и вака напишано повеќе како некој помфлит отколку нешто што стварно ќе биде реализирање и остварување на правата на оваа Стопанска комора, затоа што ако тоа можеше да го направи ќе го видовме и досега, апсолутно не е ограничувано ништо и со ништо.

Затоа мислам дека овој закон треба да се повелече и да се размисли малку подобро затоа што ќе донесеме во коализија и два закони и сите останати комори кои што досега се формирани, а со ова веќе правиме голем проблем. Моето размислување е министерот да размисли да го повлече и да дојде со некое прочистено или пак едноставно да најдеме еден закон кој ке биде важен за сите комори во кои што би се вклучила и Стопанската комора на Македонија.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Мавровски,

Повелете г-дине Трајановски имате збор.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Благодрам претседателе,

Значи, имаше доволно дискутанти за оваа материја, значи навистина е значајно за Република Македонија. Нејзиниот значај произлегува уште повеќе поради тоа што со овој закон или Предлог на закон за Стопанска комора на Република Македонија практично сметам дека се комплицира работата на стопанските субјекти во Република Македонија или, исто така ,се комплицира

организирањето т.е. организирањето на тие стопански субјекти во Република Македонија.

Имено ,знаеме дека со Законот од 2002 година, си имаше нов закон за стопански комори, со кој што се замени Законот од 1990 година и со тој Закон од 2002 година практично  се создаде можност повеќе комори преку слободно и доброволно организирање, значи да се создаваат комори, значи преку слободно и доброволно организирање на стопанските субјекти да се создаваат соодветни комори по гранки.

Значи, со тоа престана да важи единствената Комора во Република Македонија, значи како еден единствен субјект во кој што се организираат стопанските субјекти. Со Предлогот на овој закон практично, како што реков и на почетокот, сметам дека се комплицира и се усложува работата во организирањето, да не речам почнува да се создава и хаос во оваа сфера. Имено, сега имаме повеќе стопански комори организирани со Законот од 2оо2 година. Имаме и Здружение на тие стопански комори што доставија и текст до нас пратениците, во кој што бараат да се повлече овој закон и да се размисли подобро и да се анализира состојбата, се со цел да не се предлагаат вака едностранчиви закони.

Во ист момент, сега, во Република Македонија имаме организирано комори според претходниот закон, повеќе стопански комори и сега предлагаме една општа комора. Се прашуваме која е целта на овој закон?

Ако го видиме членот 5 кој што вели - делокруг на работа на Стопанската комора, сметам дека е направен во духот на претходниот систем што навистина е надминат. Во смисла дека се е некако паушално - подобрување на резултати, давање стручна помош, обезбедување стручни услуги, искажување на интересите на членовите, поттикнување развој, размена на информации, поттикнување на членовите на Комората за активности за заштита на животната средина, негување на добри деловни обичаи, мислам дека сето ова е паушално. Толку паушално што навистина човек се прашува зошто овој закон се предлага и зошто оваа комора вака општо се сака да се создаде повторно. Просто човек не може да востанови.

Меѓутоа, ако подобро го разгледаме законот ќе видиме дека практично зајакот лежи во членот 29, зајакот со кој што сака да го фати Владата или предлагажот на Законот. Затоа ќе го прочитам членот 29 кој вели:

“Со денот на влегување на сила на овој закон за Стопанската комора на Република Македонија основана согласно одредбите со овој закон, преминуваат имотот, средствата, правата и обврските на Стопанската комора”.

Значи, се работи за имот, се работи за средства, се работи за пари. Значи, кому ќе припаднат парите, кому ќе припаднат средствата на Стопанската комора што беше единствена и практично тука се убидува на мала врата, на брзина, сега преку Собранието на Република Македонија повторно да се ставаат субјектите во игра што беа пред 2002 година. А, за резултатите на таа Стопанска комора кажаа повеќњето од дискутантите. Сами би сакал да напомнам, повеќе од 15 години работев во стопанството, во "Металски завод Тито" и сметам дека и тогаш оваа Стопанска комора практично беше само формална и практично ги усложнува работите на стопанските субјекти отколку што им помага.

Поради тоа, сметам дека овој закон, да не должам многу бидејќи ќе почнеме да се повторуваме, сметам дека треба да се повлече. Има укажувања од многу други субјекти. Од сите искажани дискусии на пратениците. Сметам дека предлагачот, односно министерот ќе собере храброст ќе го повлече овој закон, ќе се направи една сеопфатна анализа и ќе се види каков нов закон треба да се предложи што навистина ќе биде во функција на стопанските субјекти што веќе се организирани и се организираат во некои комори, откоклу вака, еднострanчив закон.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам, г-дине Трајановски.

Повелете министре, имате збор.

СТЕВЧО ЈАКИМОВСКИ:

Ако завршија дискусиите, да одговорам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Нема никој пријавен, вие сте претпоставувам последен, да дообјасните. Нормално, тоа може да предизвика додатни дискусии.

Повелете.

СТЕВЧО ЈАКИМОВСКИ:

За оние кои рекоа дека Коморате е формирана 1945 година, не е формирана 1945 година, туку 1922 година. Знам на што се алудираше.

Натаму, беше поставено прашањето дека со ова се приватизира комората, бидејќи се прави како приватно-правна. Сакам да објаснам дека од јавно-правна, значи јавно-правниот статус оди заедно со задолжително членство, задолжителна членарина и се натаму што следи. Тоа значи, кога се пренесуваат јавни овластувања од државата, од Владата на комората, да оди на оваа комора. Со тоа што ние направивме закон во кој што имаме незадолжително членство,

незадолжителна членарина, значи субјектите сами да одлучат дали ќе членуваат во оваа комора или во некои други комори, што автоматски значи дека го губи статусот на јавно-правна. Значи, тоа е главната причина зошто е така, а не некоја цел дека некој сака да прави некоја приватна организација каде некој ќе крчмил имот итн. итн.

Следната многу битна работа се изнесе невистина дека со членот 6 даваме право да се пренесат овластувања од Владата на оваа комора. Истото тоа право, потполно истото право, со членот 28 е дадено и на со Законот за стопански комори, значи на постојниот Сојуз на стопански комори и тие, според членот 28 имаат исто право да им се пренесат овластувања со закон, значи со закон овластувања од страна на Владта, нормално, за кои што тие ќе водат евиденција, а контролата ја врши ресорното министертво што пренесува одредени овластувања. Значи, апсолутно сме воделе сметка да и едните и другите ги имаат потполно истите права.

Натаму, ова што кажуваме беше спомнато од колегата Мавровски, дека ниту работи, ниту пак се дава да работат и другите комори и тн. Господине Мавровски, Сојузот на стопански комори е формиран пред два месеци. Значи никој никого не кочел, туку напротив во првата фаза овој Закон е поминат минатата година во јули месец. И, како што реков во тој Закон, во таа фаза, Комората е јавно-правна, со задолжително членство, со задолжителна членарина и со укинување на Законот од 2002 година. Но, мислам дека е квалитет повеќе и на мене како министер, на Министерството за економија и на Владата со тоа што покажа максимална флексибилност. Ние, буквално, со задоволство го прифативме појавувањето и на новите комори, значи на Сојузот на стопанските комори и со ова практично ја верифициравме состојбата што ја имаме на теренот. Значи, не го продолжуваме Законот со кој што практично нив би ги укинале и да не постојат и да сите мора да членуваат во оваа комора. Но, доколку овој закон се донесеше во јуни или во јули, пред да биде регистрацијата на Сојузот на стопанските комори, искрено, од Министерството за економија, искрено ќе имавме ист закон како што сега го предлагаме само со тоа што немаше на крајот да стои, односно ќе беше јасно назначено дека Законот од 2002 година се укинува. Меѓутоа, штом тие се појавија реков дека постоеше размислување дали и во постојниот Закон да се вметне парче или одлучивме бидејќи веќе сме поминале една фаза, да завршиме со овој закон.

Она што сакам да бидеме максимално искрени, дека некој сака сега некои стопански субјкети да штити, некои да бидат лојални на Владата итн., итн., а демек

некои 2002 година сакале многу плурализам во коморското организирање, апсолутно не е точно. Ајде, да не се лажеме и да бидеме максимално искрени.

Во членот 34 и 35 каде е ставено прашањето за имот, во Законот од 2002 година, зошто е ставено "оние што ќе се регистрираат во рок од три месеци". Тоа значи дека додека актуелната власт во 2002 година е на власт, да под нејзина сугестија се формираат одредени коморски субјекти што ќе го преземат имотот и да завршиме со целата ситуација. Ама, за среќа, Македонија не е токлу неправна држава, туку постои Уствен суд кој што овие одредби ги поништи и практично ја врати состојбата на која ние сега се поврзуваме со овој закон и јасно кажува дека тој имот таму не може да се крчми онака како што некој сака.

Имаше разни напади на Стопанската комора. Јас не сум должен неа да ја бранам, ниту заштитувам. Јас, ниту сум член на Управниот одбор, ниту пак на Собранието на Комората, но мислам дека не е во ред да се однесуваме максимално нихилистички кон сето она што е создадено во оваа држава.

Заборавме дека оваа држава од 1992 година помина многу тешки времиња, со распадот на југословенскиот пазар, со војната во Хрватска, во Босна на Косово, па и воениот конфликт кај нас, со блокадите од ОН кон Србија, со блокадите од Грција према Република Македонија, со крајно неразвиена инфраструктура и према Албанија и према Бугарија. Се прашува ли некој дали сепак оваа комора не одигра во тие моменти и таква позитивна улога во поврзување на нашето стопанство и расчистување на проблемите, особено што ги снаоѓаат стопанствениците на границите и корупцијата и проблемите, ако се сеќавате ни убиваа шофери по патиштата и тн., и тн. и дали во тој момент какво - такво, тие стопанственици, заедно со таа Комора не дозволија во Република Македонија да се стои во ред за ништо друго освен за нафта и нафтени деривати.

Мислам дека не е добро се да ништиме и да ја гледаме комората само низ овие три години во кои што и ние, не велам јас, туку некоја си Влада, односно некоја актуелна власт создала моменти и можности со што практично ја парализирала работата на Комората.

Следно, многу битно прашање, немој да ја посматраме Комората преку сегашниот персонален состав. Нормално е, дека ќе дојде до промени во персоналниот состав на Комората, нормално е дека и тие луѓе кои ја водат комората, дека и тие се заморени од тие активности, ќе дојдат нови луѓе, со нови идеи, свежи идеи кои што практично ќе го покаже натпреварот меѓу едната и другата

комора, дај боже и други да има или сето тоа да се види како ќе функционира. Оној кој ќе даде најдобри можни резултати тој ќе може најмногу да привлече членови.

Исто така, би сакал да напомнам дека се обиде да се сврти работата од етнички карактер да се гледа. Во сегашната Комора, ако се мисли на етничките заендици, на албанците, во Управниот одбор три члена се албанци. Наградите што се даваат на поединци, на фирми, дури јас можам да ги набројам кои поединци како албанци, односно сопствнеици на фирми кои се од албанска национална припадност добиле награди од Стопанската комора поединци исто така итн., итн. Мислам дека има многу лица од албанска националност кои се максимално активности во работењето на Комората. Од тие причини во овој закон ние дозволуваме да може организацијата да биде и по грански и по територијален принцип, значи да го изберат начинот и формата на кои што тие ќе се организираат.

Натаму, многу битна работа што дозволуваме, значи не ограничуваме, туку се дозволува да се членува и во едните и во другите комори. Секој нека избира каде му е подобро, односно каде може да му се штитат интересите.

Прашањето, решавање на финансирањето, финансирањето е на доброволна основа. Се вели дека не е наведено што се смее, а што не се смее со работењето на Комората. Напротив, сето она што не е забрането со закон секако дека се смее да се работи и да се има таква дејност.

Исто така беше поставено прашањето на легитимитетот, нели Владата во оставка итн., сигурно дека и новиот состав на Владата ќе биде составен од оваа коалиција. Така што ориентацијата за тоа како ќе се организира коморското органмизирање е договорено, така што на оваа работа не може да влијае персоналнот состав натаму на Владата. Затоа јас мислам дека напротив, треба да се почитува тоа што ние како Влада и како Министерство имавме максимално респект и кон овие нови комори што се формираат. Искрен да бидам тие постојат само два месеци, не го знаеме каков ќе биде нивниот натамошен развој и мислиме дека сепак, коморското организирање не можеме туку така да го препуштиме.

Инаку, ние носиме Закон, но во Европа само осум земји имаат закон за коморско организирање. Сите останати се организираат или според законите за трговски друштва, или според законите за здружение на граѓаните. Но, еве ние тоа го уредуваме и со Закон и апсолутно, во оваа работа не би сакал никој да дава политички призвук, туку сакаме една создадена конфликтна ситуација, создадена во овие три години, дали со сакање или со несакање да ја разрешиме на најдобар

можен начин. А, натаму, функционирањето и на едните и на другите, јас сум убеден дека веројатно ќе дојде до спојување и евентуално во по нормални услови, некое друго законско решение кое сето тоа ќе го унифицира и ќе го обедини. Но, мисламдека е квалитет повеќе што ние дозволуваме да апсолутно постои плурализам во коморското организирање и да постои вистински натпревар во нивните услуги, сервиси и во делот на интересот што треба да го вгради комората во однос на стопанските субјекти.

Со тоа што ние ја критикуваме Комората, како работела, што работела, па почитувани пријатели ги критикуваат и партиите како работат, ги критикуваат Владите, се живо се критикува. Значи, ако тргнеме од тоа дека и ние сме критикувани и како Собрание, така што за сите во оваа држава има одредени критики во кои што во целава оваа ситуација е јасно дека се наоѓа и Комората. Но, уште еднаш потенцирам, мислам дека со ова законско решение, со новите органи што треба да се изберат со персоналните измени, дека оваа Комора сепак ќе се разбуди од онаа зачмаеност во која што особено овие три години се наоѓа и дека натаму ќе биде и таа и Сојузот на стопанските комори во интерес, многу поголем интерес на стопанствениците.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам, г-дине министре,

Има пријавено за реплики,

Првата реплика ја има г-ѓа Којзеклиска, повелете имате три минути.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Благодарам, претседателе,

Искрено, да умрев вчера немаше да знам дека ние сме биле правна држава. Само не знам кога министерот сфати дека е правна држава, кога даваше налог да се затвораат дуќаните, или кога даваше налог да се отвораат дуќаните. Тоа е едната работа во однос на правната држава.

Во однос на тоа што сакала претходната Влада со членот 34 и 35, да ги споредам тие два членови со членовите 28 и 29 и тука имаме месеци. Не три, туку шест, да се заврши со Стопанската комора, да се префрли имотот од една на друга и завршивме работа. Среќа што постои Уставниот суд, па најверојатно ќе се најде некој кој ќе покрене иницијатива за уставноста токму на овие два членови 28 и 29, па ќе видиме како Уставниот суд тоа ќе го утврди.

Благодрам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Господине министре имате контра реплика, повелете.

СТЕВЧО ЈАКИМОВСКИ:

Прво, јас незнам од каде толку познавање за коморското организирање од луѓе кои целиот работен ангажман го имаат по државни институции.

Второ Јакимовски кажа - да умрев во четврток нема да знаев дека Македонија е толку, повторувам, толку правна држава. Многу добро знам што сум кажал и постои видео-запис.

А, за останатите ваши размислувања, значи 6 месеци ние даваме еден нормален рок во кој што сите процедури, законски покани, организирање на Собрание и тн. сето тоа ќе се даде за да може во еден нормален временски период сето тоа да се конституира, после кој што нормален период, нормално дека не може да постои така Комората како што постои. Значи, се сме предвиделе да тоа биде во еден разумен законски рок.

Јас би ве замолил да помалку политика употребуваме во Законот за стопанска комора, а повеќе да зборуваме од аспект што е од интерес на стопанствениците и од аспект на оние што ние им ја запедљавме работата да се најдат во ваква ситуација.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Повелете господине Мавровски, вашите три минути.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Благодарам господине претседателе.

Почитуван министре,

Јас мислам дека е најкоректно во овој момент она што го побаравме од вас да го повлечете законот, мислев дека треба да го повлечете, затоа што новиот мандатар можеби да не размислува како што размислувате вие сега и како што размислуваше овој, затоа што сега сте вие сите во оставка, а дали ќе бидете министер и понатаму, не знам. Кажувате и самите дека до пред некое време Стопанската комора требаше да се укине, но вие донесовте одлука дека еве, сега, ќе најдеме начин како таа да продолжи да функционира и најдовте начин со овој закон, што не значи дека наредниот мандатар и наредниот министер за економија ќе го прифати тоа.

Кажувате дека ова е правна држава, но мене ми е многу жал што вие, како министер си донесувате одлуки и ја кршите таа кревка правна држава што треба да функционира, а треба да функционира почнувајќи од вас.

Кажувате друга забелешка во ова ваше искажување дека е нормално да дојде до промена на персоналот. Зошто е тоа нормално и дали е тоа правно? Зборуваме за правна држава, а вие веќе сугерирате дека во Комората треба да дојде до персонални промени на луѓе кои ќе треба да работат понатаму а од друга страна имаме максимални пофалби за луѓето кои што работеле до сега, од Ваша страна говорам, за луѓето кои работеле во Комората, кои го спасиле македонското стопанство во најразлични ситуации.

И, на крајот, кажувате дека нема ограничување за членство во коморите. Јас тоа го сватив и од двата закони, но има една друга ситуација што ги ограничува членовите и за кое што говорев. Значи, едните имаат имот, другите треба да плаќаат кирија за простории во кои што ќе работат, допрва ќе треба да се конституираат, значи, ќе треба да најдат комплетно нов имот што Стопанската комора го поседува и во кој што имот овие субјекти кои сега, дали се членови на стопанските комори или на Стопанската комора со своето работење досегашно придонеле да се создаде тој имот. Значи, начинот на кој што ќе функционираат уште во старт, едните ги носи да бидат подредени, а една од нив, Стопанската комора да биде надредена.

Токму затоа цело време говориме. Јас мислам дека не ни дадовте објаснување всушност за што говорите и како понатаму ќе продолжат да работат и едните и другите паралелно. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам, повелете министре, една минута.

СТЕВЧО ЈАКИМОВСКИ:

Персоналните промени не ги нарачуваме ние, туку тие се веќе нарачани од Комората, веќе кажани од Комората, од раководството на Комората дека тие луѓе се повлекуваат. И второ, си бираат нови органи на Комората што значи дека јасно доаѓа и до персонални измени. Вие тврдите дека Сојузот на стопански комори треба да плаќа ќирија, а кој гарантира дека тие ќе плаќаат ќирија, кој гарантира дека тие нема да бидат сместени во просториите на оваа Стопанска комора. Јас го тврдам сосема обратното.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Дали некој друг бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот  по текстот.

Ги молам пратениците да влезат во салата, да пристапиме кон гласање.

Ги молам службите да го утврдат бројот на присутните.

Во салата се присутни 59 пратеника.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Дали координаторот може да ме извести дека може да се обезбеди кворумот.

Јас ги повикувам пратениците да влезат.

Ја прекинувам седницата. Дополнително ќе бидете известени кога ќе продолжи.

(Седницата прекина со работа во 15,15 часот).